





Slow Food®
Macedonia

АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА ПРЕРАБОТЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО ВО ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ БИЗНИСИ СО ХРАНА

www.slowfood.mk

Slow Food Macedonia © 2020
Автори: Емилија Неделковска, Елена Каровска Гошевска
Уредување и дизајн: Горан Трсунов
Фото кредит: Different photography

Оваа анализа е изработена со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC преку Програмата за зголемување на пазарната вработливост (ИМЕ).

IME
INCREASING MARKET EMPLOYABILITY

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Palladium
MAKE IT POSSIBLE

АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА ПРЕРАБОТЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО ВО ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ БИЗНИСИ СО ХРАНА

СОДРЖИНА:

ВОВЕД 7
СОСТОЈБИТЕ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН И ПРАВЕН АСПЕКТ 9
1.Состојбата на малите бизниси со храна 9
1.1. Состојба во Европската Унија 10
1.1.1. Искуства од ЕУ, примена на флексибилноста 12
1.1.2. Искуства од ЕУ, кратки синџири за храна 14
1.1.3. Законски пречки 15
1.2. Состојби во соседните земји 16
1.2.1. Хрватска 18
1.2.2. Србија 20
1.2.3. Состојбата во Северна Македонија 22
2. Политики на Европската Унија и Балканските земји со кои се регулира производството на растителни производи 27
2.1. Одржлив систем на храна 27
2.2. Позначајни европски регулативи кои се однесуваат на растителните производи и нивните преработки 28
2.2.1. Овошни сокови и слични производи наменети за човечка консумација 29
2.2.2. Кафе и цикорија 30
2.2.3. Овошен џем, желе, мармалад и пире од костен 31
2.2.4. Маслиново масло 32
2.2.5. Алкохолни пијалаци 33
2.3. Заклучок за европските регулативи во поглед на растителните производи и нивни преработки 33
2.4. Европската регулатива за хигиена на храна 34
2.4.1. Општо за регулативата 34
2.4.2. Флексибилноста која ја дава оваа регулатива 35
2.5. Национални закони од областа безбедност на храна и квалитет на земјоделски производи 36
2.5.1 Закон за безбедност на храна и споредба со Регулатива (ЕК) 852/2004 36

2.5.2. Останати поважни национални закони и правилници кои треба да се земат во предвид за производи од растително потекло 39
2.6. Разгледување на националните закони во Балканските земји 43
Случај 1. Република Србија 43
Случај 2. Црна Гора 45
Случај 3. Хрватска 46
3. Стратегии и програми за поддршка на малите бизниси со храна 49
3.1. Реформите на Заедничката земјоделска политика на Европската Унија 49
3.2. Резолуцијата на Европскиот Парламент 50
3.3. Национални програми за поддршка 52
3.3.1 Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година 56
3.3.2 Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година 56
3.3.3 Политика за поддршка на руралниот развој 57
СОСТОЈБИ ОД ТЕРЕН, МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ 59
4. Искуства од терен на Слоу Фуд Македонија 59
5. Президиуми на Слоу Фуд Македонија, проекти во поддршка на групи мали локални производители 63
5.1. Македонски Президиуми поддржани од Слоу Фуд Македонија 64
5.1.1. Президиум „Слатко од смокви“ 64
5.1.2. Президиум „Буково“ – Пиперка и зачин 65
5.1.3. Президиум „Станушина“ – Грозје и производи 67
5.2. Поддршка на Слоу Фуд Президиуми 68
ЗАКЛУЧОЦИ 69

ВОВЕД

Како клучни елементи и насоки на идниот развој во земјоделството веќе се издвојуваат одржливоста на семејните фарми, еколошката ориентираност и понатамошниот економски развој на капацитетите поединечно. Внимание ќе се посветува и на зголемената важност на приходите кои се добиваат во разни комбинации со, но не и исклучиво од земјоделските активности, подобра искористеност на непродуктивните услуги преку директни плаќања, како и поголема насоченост кон бизнис и претприемачки иницијативи во земјоделскиот сектор.

Руралниот развој, кој првенствено е дизајниран во рамките на Заедничката земјоделска политика на ЕУ, е главен или секундарен столб во речиси секоја национална политика. Сепак, резултатите на истиот варираат многу од земја до земја. Дополнителен удел во тоа имаат регулаторните мерки во земјоделството кои во голем дел се засновани на специфично законодавство, но некои неземјоделски закони имаат влијание врз земјоделската политика односно индиректно делуваат врз границите за раст и развој на земјоделските стопанства. Ова е особено изразено во руралниот развој, бидејќи малите стопанства ретко кога имаат капацитети (човечки, финансиски и временски) да ги следат и уредат административните барања кои ги тангираат нив, особено кога тие доаѓаат од различни извори.

Еден добар дел во постигнувањето видливи резултати во руралниот развој, зависи од самите земјоделци. За да ги подобрат физичките и економски перформанси (големини) на своите мали или средни фарми и за да станат видливи и конкурентни на пазарот дома, па и во странство, треба да бидат поактивно вклучени во елиминирање на своите внатрешни ограничувања. Имено, треба да се работи врз развојот на сопствените капацитети на фармата во областите како: образование, стекнување нови знаења и вештина, поголема свесност; развој на претприемачки и натпреварувачки дух; примена на иновации во производството и деловното работење што не се значително поврзани со финансиски ресурси; промени во свеста и увидување на сопствени грешки, проблеми, можности, потреба за здружување, важноста за инвестирање, подобрување на квалитетот на производот итн.

Сепак, бидејќи горенаведеното е долготраен процес (кој веќе се опфаќа со новата ЗЗП 2021-27), побрзи резултати би се добиле доколку процесот оди од горе кон долу, односно доколку работата на многу малите и малите земјоделски стопанства биде олеснета со за нив специјализирана законска рамка. Со други зборови, се работи за процесот на применета флексибилност за малите бизниси, традиционалните производства и дејностите за

производство на храна лоцирани во географски ограничени средини. Нивната важност е веќе докажан факт, а на европско ниво се прават големи напори степенот на примена да биде што поголем. Многу земји членки на ЕУ се уште бараат начини како поефикасно да ја применат флексибилноста преку носење национални законски акти и програми.

Со оваа анализа се пристапува кон разгледување на можностите за донесување национален законски акт т.е. правилник со кој би се применила флексибилноста во делот на производство на растителни преработки. Под поимот можности, во овој контекст се подразбираат:

- бројот на потенцијални идни корисници односно мали стопанства кои би започнале да работат сопствен бизнис со производство на храна т.е преработка на растителни производи, како и разгледување од малку поширок аспект на прехранбениот сектор кој моментално постои и има доминантно индустриски перформанси;
- бројот на законски акти и нивниот опфат во однос на наведените мали производства и тоа започнувајќи од тие на Европската Унија (како најбитни и референтни), преку тие на поблиските земји (како примери за практична примена), до националните кои моментално постојат и се на сила, со посебен осврт на деловите кои даваат основа за флексибилна примена на законските барања или пак за донесување на истата;
- степенот до кој се опфатени руралниот развој преку поддршка и развој на малите производства на прехранбени производи во моменталните земјоделски политики и тие на повидок во блиска иднина;
- останати аспекти и примери од терен кои сметаме дека се значајни и придонесуваат за појасни заклучоци во оваа анализа.

Анализата има компаративен карактер и како појдовни точки ги зема ЕУ, Хрватска, Србија и Северна Македонија, а каде е соодветно се споредуваат и други земји (Црна Гора, Австрија итн.)

СОСТОЈБИТЕ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПРАВЕН АСПЕКТ

1. Состојбата на малите бизниси со храна

Структурата на земјоделството во земјите-членки на ЕУ варира во зависност од разликите во геологијата, топографијата, климата и природните ресурси, како и од различноста што се среќава во однос на (поранешните) политички и економски системи, регионална инфраструктура и општествени навики.

Малите фарми отсекогаш биле камен темелник на земјоделската активност во ЕУ. Но не постои прецизна дефиниција за тоа што претставува „мала“ или „голема“ фарма. Покрај тоа, не постои прецизна дефиниција ниту за тоа кога една мала фарма е домаќинство што произведува храна за сопствените потреби, а не е економска единица односно не прави профит. Иако земјоделскиот сектор на ЕУ се карактеризира со голем број на многу мали фарми, постои тенденција кон консолидација, при што големите фарми учествуваат со поголем процент на земјиште кое се обработува во рамки на ЕУ. Малите фарми го помагаат вработувањето во руралните средини, а можат да дадат значителен придонес и за територијалниот развој, преку обезбедување специјализирани локални производи, како и преку поддршка на социјални, културни и еколошки услуги.

Постојат голем број на различни класификации и сите тие информации може да се собераат со цел да се анализираат фармите со различна големина.

Во секој случај, за да се разграничи големината на фармите се користат два главни критериуми. Класификација на фармите од економски аспект врз основа на вредноста на нивното стандардно производство и големината на искористено земјоделско земјиште, како алтернативна мерка. За целта на оваа анализа која грубо се сведува на тоа да се разликуваат фармите по големина направена е следната поделба:

По економска големина, заснована на вредноста на добиеното производство изразено во евра:

- Многу мали фарми: < EUR 2 000
- Мали фарми: EUR 2 000 – < EUR 8 000
- Средно големи фарми: EUR 8 000 – < EUR 25 000

- Големи фарми: EUR 25 000 – < EUR 100 000
- Многу големи фарми: ≥ EUR 100 000

По физичка големина, заснована на искористеното земјоделско земјиште, во хектари:

- Многу мали фарми: < 2 хектари;
- Мали фарми: 2 хектари – < 20 хектари;
- Средно големи фарми: 20 хектари – < 100 хектари;
- Големи фарми: ≥ 100 хектари.

Основното испитување на структурата на фармите (ИСФ) се врши од страна на секоја земја-членка на ЕУ. Тоа се прави со користење заедничка методологија и се одвива во редовни интервали, обезбедувајќи споредливи и репрезентативни статистики посебно за секоја од земјите, како и на пошироко регионално ниво. Сеопфатно испитување на структурата на фармите се спроведува на секои 10 години - ова истражување во целосен обем е всушност попис на земјоделството, последниот одржан во 2010 година - а во меѓувреме помеѓу две сеопфатни истражувања се изведуваат три помали на одделни примероци.

Правна основа за ИСФ беше Регулативата (ЕУ) бр. 1166/2008 од 19 ноември 2008 година[1], која повеќе не е на сила, а важеше до 31.12.2018 година. Во нејзина замена е донесена Регулативата (ЕУ) 2018/1091 на Европскиот парламент и на Советот од 18 јули 2018 година за интегрирана статистика на фармите.

1.1. Состојба во Европската Унија

Во овој дел се претставени статистички податоци (извор:ЕУРОСТАТ[2]), кои ја опишуваат структурата на земјоделските стопанства (во понатамошниот текст-фарми) во рамки на ЕУ со податоци презентирани за одделните земји членки на ЕУ и Норвешка.

Вкупен број на фарми. За помалку од една деценија, вкупниот број фарми во ЕУ опадна за повеќе од една четвртина. Помеѓу 2005 и 2013 година, вкупниот број фарми во ЕУ-28 (со исклучок на Хрватска) падна за 26,2%, што е еквивалентно на просечен пад од 3,7% на годишно ниво. Спротивно на тоа, Ирска беше единствената земја-членка на ЕУ што забележа зголемување на бројот на фарми во наведениот период, со просечно зголемување од 0,6% на годишно ниво, што е еквивалентно на дополнителни 7 илјади фарми.

Додека пак во однос на искористеното земјоделско земјиште кое се обработува во последниве години, нема поголеми промени. Вкупната искористена земјоделска површина за ЕУ-28 изнесуваше 174,6 милиони хектари во 2013 година. Оваа релативно стабилна земјоделска површина, заедно со опаѓачкиот број на фарми, резултираше со просечно поголеми фарми ширум ЕУ.

Разликите што се забележуваат меѓу земјите-членки во однос на просечната големина на нивните фармите, во голема мера се поврзани со моделите на сопственост, бидејќи оние земји со голем број на мали фарми се карактеризираат со фарми кои делумно произведуваат за сопствени потреби или се семејни стопанства, додека поголемите фарми се со поголема веројатност да бидат во заедничка сопственост со други, како дел од акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност, или задруги. Во 2013 година, Романија учествуваше со една третина (33,5%) од вкупниот број фарми во ЕУ-28, додека Полска (13,2%) беше втора земја-членка на ЕУ што забележа двоцифрена бројка.

Економска големина на фармите. Подолу се анализира структурата на фармите во ЕУ од економски аспект, врз основа на вкупната просечна вредност на добиеното производство т.н **стандарден аутпут.** Во суштина, се работи за вкупната парична вредност на земјоделското производство добиено на фармата според просечните откупни цени за соодветните земјоделски култури и добиток. Треба да се има во предвид дека вредноста на добиеното

1 Регулатива (ЕК) бр. 1166/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 19 ноември 2008 година за истражувања на структурата на фармите како и на методите на земјоделско производство и укинување на Регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр. 571/88 (Текст со релевантност на ЕЕА)

2 "Archive: Small and large farms in the EU - statistics from the farm structure survey" Eurostatт, Revision as of 08:45, 28/09/2018 by Corselo https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Small_and_large_farms_in_the_EU_-_statistics_from_the_farm_structure_survey&oldid=406560

производство не ги зема предвид влезните трошоци и затоа не претставува показател за профитабилноста на фармите. Така според нивната економска големина дефинирани се пет различни категории на фарма: многу мала; мала; средна големина; голема; и многу голема.

Во 2013 година, во ЕУ-28 имало 4,4 милиони фарми со вредност на добиеното производство помала од 2.000 евра, додека дополнителни 3,1 милиони фарми имаа производство во опсег од 2 000 - 8 000 евра. Заедно овие две категории на фарми (многу малите и малите) сочинуваат повеќе од две третини (69,1%) од сите фарми во ЕУ-28, додека нивниот удел во целокупната вредност на добиеното производство на ниво на Унијата беше значително ниско (5,0%). Ова може делумно да се објасни со релативно високиот број на домаќинства кои произведуваат првенствено за сопствените потреби (повеќе од 50% од вкупното производство се консумира за сопствени потреби).

Спротивно на тоа, во ЕУ-28 имало 680 илјади фарми со вредност на добиеното производство од најмалку 100 000 евра. Овие фарми припаѓаат на категоријата многу големи фарми, а во вкупниот број фарми учествуваат со 6,3%, додека во вкупната вредност на добиеното производство во 2013 година со 71,4%.

Понатаму, во 10 земји-членки просечната економска големина на фармите била под 15 000 евра, каде девет од нив забележаа сооднос во 2013 година кој беше во опсегот од 10 000-15 000 евра, а само една каде фармите во просек достигнаа 3 300 евра стандарден аутпут (Романија).

Спротивно на тоа, во девет земји-членки на ЕУ многу малите фарми со помалку од 2000 евра вредност на добиеното производство биле најчестата економска големина на фармите. Овие фарми се особено распространети во Романија (68,7% од сите фарми) и Унгарија (67,6%), додека со повеќе од 50% од вкупниот број на фарми се среќаваат во Малта, Бугарија, Кипар и Латвија.

Работна сила. Една анализа заснована врз економската големина на фармите, покажува дека малите фарми (со вообичаен износ за вредноста на производството од 2.000 до <8 000 евра) учествуваат со скоро една четвртина (24,2%) во земјоделската работна сила на ЕУ-28 (составена од земјоделец поединец, други семејни работници и аргати) кои работат директно на фармите.

Како што е наведено погоре, фармите кои од економски аспект припаѓаат во категориите многу мали и мали, честопати не можат да обезбедат приход доволен за опстанок на земјоделците и нивните семејства. Во овие фарми лицата кои се вработени се со скратено работно време, што придонесува за тоа паралелно да се одвиваат и останати дополнителни профитни дејности, со цел надополнување на работното време и приходот. Семејниот труд обично има голем удел во овие мали фарми. Во поголемите фарми лицата кои се вработени најчесто не се семејни работници, се со редовен ангажман и полно работно време.

Околу три четвртини (76,5%) од земјоделската работна сила на ЕУ-28 во 2013 година беше обезбедена од членови на семејството (сопствениците или други членови на семејството кои работат на фармата). Овој удел се искачи над 90,0% во Ирска, Хрватска, Словенија и Полска, а во поголемиот дел на другите земји-членки семејниот труд учествува со повеќе од половина од вкупната земјоделска работна сила.

Старосна структура. Земјоделството е економски сектор во кој најчесто може да се најдат луѓе кои продолжуваат да работат и после 65-та година од својот живот.

Од вкупно 10, 8 милиони менаџери на фарми во земјоделскиот сектор на ЕУ-28 во 2013 година, релативно мал дел од нив биле млади. Оние на возраст под 35 години учествуваат со 6,0% во вкупниот број на менаџери, додека со 31,1 % или околу 3,3 милиони менаџери биле на возраст од над 65 години.

Постарите раководители на фарма претпочитаат да работат на многу мали и мали фарми (мерени од економски аспект) кои се карактеризираат со ниско ниво на приход како и во домаќинства кои произведуваат за сопствени потреби. Иако горенаведените категории на фарми имаат тенденција да бележат релативно ниско ниво на приход, продуктивност и профитабилност, некои играат важна улога во намалувањето на ризикот од рурална сиромаштија, обезбедувајќи дополнителни приходи и храна. Спротивно на тоа, младите земјоделци претпочитаат да управуваат со поголеми фарми (од економски аспект) што можеби е поврзано со фактот дека тие веројатно имаат повисоко ниво на образование и имаат

проследено курсеви за професионална обука, што може да доведе до воведување на нови и иновативни земјоделски практики.

Полова застапеност во земјоделството. Не е достапна ниедна анализа на работната сила на фармите според пол и истовремено според економската големина па, податоците по-долу се фокусираат воглавно на редовната работна сила.

Во 2013 година, редовната работна сила во земјоделството на ЕУ-28 беше составена од 8,7 милиони единки, притоа мажите учествуваа со скоро две третини (64,8%) од вкупниот број. Овој сооднос беше забележан кај речиси сите земји-членки на ЕУ. Распределбата на земјоделската работа помеѓу половите беше повеќе избалансирана кај многу малите и малите фарми. Во 2013 година, мажите учествуваа со 55,8% од редовната работна сила на овие фарми.

Тоа веројатно се должи на праксата во помалите фарми да реализираат низа различни активности на фармата, на пример, одгледување мешани култури, мешан добиток или пак комбинирано одгледување на земјоделски култури и стока. Поголемите фарми имаат по-голема веројатност да се специјализираат во одреден вид земјоделство, особено оние од секторот на хортикултура, млекарство, свињарство и говедарство.

Физичка големина на фармите. Овој последен дел од анализата ни дава алтернативна поделба на големината на фармите, заснована на физичката големина на истите, мерена според искористената земјоделска површина. За оваа анализа, фармите се поделени во четири различни класи со цел да се идентификуваат многу мали, мали, средни и големи фарми.

Од вкупно 10,8 милиони фарми во ЕУ-28 во 2013 година, мнозинството беа релативно мали, семејни фарми кои честопати се пренесуваат од една генерација на друга. Конкретно во 2013 година во ЕУ-28 имало 4,9 милиони физички многу мали (<2 хектари искористена земјоделска површина) и 4,5 милиони физички мали фарми (2 - 20 хектари). Заедно, овие две категории на фарми (со помалку од 20 хектари искористена земјоделска површина по фарма), учествуваа со скоро 9 од 10 фарми во ЕУ (86,3%) и со повеќе од две третини од работната сила која директно работи на фарми (односно 68,1%). Физички многу малите и малите фарми со помалку од 20 хектари искористено земјоделско земјиште сочинуваа 95% или повеќе од сите фарми во Словенија, Грција, Кипар, Романија и Малта.

За разлика од тоа, во ЕУ-28 има 337 илјади физички големи фарми - дефинирани овде како оние со најмалку 100 хектари искористена земјоделска површина. Во вкупниот број на фарми во 2013 година тие имаа удел од 3,1%, а во однос на вкупната работна сила која работи директно на земјоделските фарми удел од 12,5%. Со оглед на тоа што овие физички големи фарми зафаќаат повеќе од половина од вкупната земјоделска површина, земјоделските практики што тие ги применуваат може да се сметаат за особено важни од аспект на животната средина.

Во 2013 година, физички многу малите и малите фарми со помалку од 20 хектари искористено земјоделско земјиште претставуваа значителни 95% од сите фарми во Словенија, Грција, Кипар, Романија и Малта.

1.1.1. Искуства од ЕУ, примена на флексибилноста

По утврдувањето на постоењето на малите фарми, кои пак се тесно поврзани со малите производства на храна и каде тие котираат според главните критериуми за набљудување утврдени од страна на Унијата, се пристапува кон разгледување на генералната перцепција која постои во однос на примената на флексибилност во овие мали производства. За почеток, прикажани се ставовите и разбирањето на решенијата за флексибилноста кои Европската Комисија ги дава во сопствениот работен документ[3] структуриран како водич за бизнис операторите со храна. Истите се пренесени во формата која е дадена во самиот водич.

3 COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT on the Understanding of certain provisions on flexibility provided in the Hygiene Package, Frequently Asked Questions, Guidelines for food business operators, Brussels, 12.8.2010 (SEC(2010) 985 final), p.10-11 https://ec.europa.eu/food/sites/food/files/safety/docs/biosafety-hygiene-faq_all_business_en.pdf

2.5. Овошје и зеленчук
Прашање 10:
„Уживам да одам во шумата и да собирам боровинки и печурки. Би сакал да ги продавам на потрошувачите на локалниот пазар. Дали за тоа постојат било какви правила за хигиена на ЕУ? “
ОДГОВОР:
Бербата на бобинки и печурки во дивината и нивниот транспорт до локалниот пазар се сметаат за примарно производство, а боровинките и печурките за примарни производи. Оттука, дозволени се исклучоци од барањата на ЕУ под одредени услови.
Директно снабдување со боровинки и печурки, како и други овошја и зеленчуци, се исклучени од опсегот на регулативите за хигиена, доколку се применети следниве принципи:
• Боровинките и печурките (не преработени) се доставуваат од страна на лицето кое ги собрало, или
• Овие производи се доставуваат директно до крајниот потрошувач или во локалната продавница за малопродажба, и
• Овие производи се испорачуваат во мали количини.
Ако примарните производи ги доставува производителот (во овој случај лицето кое ги берело во дивината), во мали количини директно до крајниот потрошувач или локалното претпријатие за малопродажба кое директно го снабдува крајниот потрошувач, таквата активност е исклучена од општите барања за хигиена на ЕУ.
За овие активности во земјите-членки мора да бидат донесени национални мерки. Во случај кога не се усвоени национални правила или вашата активност не е во согласност со правилата утврдени на национално ниво, применливи се општите барања на ЕУ за хигиена на храната.
Затоа, треба да проверите:
• Дали се донесени национални мерки за директно снабдување со овие производиво во вашата земја-членка;
• Што се смета за мала количина во вашата земја-членка и дали ви е дозволено да ја искористи оваа можност;
• Кои правила се применливи во вашиот случај.
Треба да се посвети посебно внимание на фактот дека во некои земји-членки за овие производи важат исто така и национални правила за квалитет, а можно е да постојат и дополнителни правила за задолжителна обука на луѓето кои собираат такви производи (плодови) и ги стават во промет на пазарот.

Прашање 11:
„Јас сум земјоделец со мала фарма и произведувам сок и џем од овошјата што ги собирам. Би сакал да го продавам во продавниците во мојот регион. Дали е тоа можно?“
ОДГОВОР:
Ако една фарма ја користи својата берба или дел од истата (на пр. јаболка или сливи) за да произведе овошен сок или џем во своите простории и производите ги намени за продажба, таквата фарма го надминува нивото на примарно производство. Активноста за производство на овошен сок или џем се смета за активност после примарното производство и затоа е предмет на соодветни општи барања за хигиена на ЕУ.
Меѓутоа, земјите-членки можат да ги искористат одредбите за флексибилност и да усвојат национални мерки со цел да се прилагодат барањата за конструкцијата, изгледот и опремата за ваквите производства. Постоењето на такви национални мерки треба да се провери во координација со надлежниот орган.

На почетокот од овој водич, дадени се неколку генерални насоки за разбирање на истиот:

Овој документ треба да послужи како основа за подобро разбирање на одредени одредби за флексибилност предвидени во регулативите за хигиена и да доведе до подобра употреба на овие одредби од страна на земјите членки. Треба да се нагласи дека флексибилноста на регулативите за хигиена не е ограничена само на точките споменати во овој документ.

Исто така, овој документ ги опфаќа само барањата од регулативата за хигиена, но не и барањата од други закони кои може да бидат од значење при производството на храна како на пример тие за здравјето на животните, за контрола на резидуи или за означување на храната. Затоа, секој кој сака да започне со работа во секторот треба да ги контактира

надлежните органи за да може целосно да се разбере конкретната ситуација, а последователно на тоа и одредбите кои се соодветни за регулирање на истата.

Одредбите за флексибилност содржани во регулативите за хигиена нудат можности за:

- да се доделат:

(а) **отстапувања/ослободувања** од одредени барања утврдени во анексите на регулативите за хигиена;

(б) **прилагодувања** на одредени барања утврдени во анексите на регулативите за хигиена;

(в) **да се исклучат** некои активности од рамката на регулативите за хигиена.

Кога ги искористуваат одредбите за флексибилност, генерално земјите-членки треба да усвојат национални мерки.

Водечките принципи при спроведување на одредбите за флексибилност се споредност и транспарентност:

• врз основа на принципот на транспарентност, секој нацрт на такви национални мерки мора да биде испратен до Комисијата и до другите земји-членки;

• врз основа на принципот на споредност (супсидијарност, дополнителна помошна функција, огранок на нешто поголемо), земјите-членки се најсоодветни за наоѓање решенија за локалните ситуации.

Овие упатства треба да се користат заедно со упатствата за имплементација на регулативите за хигиена:

• Упатство за спроведување на одредени одредби од Регулативата (ЕК) Бр. 852/2004 (општи барања за хигиена);

• Упатство за спроведување на одредени одредби од Регулативата (ЕК) Бр. 853/2004 (специфични хигиенски услови за производи од животинско потекло);

• Упатство за спроведување на постапки засновани на HACCP принципи и за олеснување на имплементацијата на принципите на HACCP во одредени бизниси со храна.

1.1.2. Искуства од ЕУ, кратки синџири за храна

Фокус групите (EIP-AGRI)[4] се привремени групи на избрани експерти кои се фокусираат на одредена тема, споделуваат знаења и искуства. Секоја група разгледува практични иновативни решенија за проблемите или можностите во земјоделскиот сектор и дефинираната област, а членовите од групата се потпираат на искуства стекнати од претходно спроведени проекти, лични знаења и работа на терен со мали производства. Таму каде што е соодветно, вклучени се ограничен број на научни референци, но акцентот е на лекциите научени од практично искуство на членовите од фокус групата. Секоја фокус група се состанува двапати годишно и подготвува извештај. Групите исто така дискутираат и документираат резултати од истражувањето кое го прават, случаи на добри практики и идентификуваат понатамошни активности за истражување кои ќе помогнат во решавањето на практичните проблеми во секторот. Овие проблеми може да бидат поврзани со производство, преработка, потрошувачка, транспорт и слично. Во оваа анализа претставени се дел од заклучоците од втората средба на фокус групата во Единбург од 21-23 април 2015 година.

Кратките синџири за снабдување со храна (КСХ) имаат потенцијал да ги подобрат приходите од фармите, да промовираат одржливи земјоделски системи и да придонесат за локален економски развој. Постојат многу различни форми на КСХ во Европа, но сите тие имаат една заедничка карактеристика, а тоа е намален број посредници помеѓу земјоделецот или производителот на храна и потрошувачот. Додека бројот на КСХ се зголемува, нивниот вкупен заеднички ефект и раст е ограничен од голем број пречки. Извештајот се фокусира на воспоставување и добивање поддршка за активности на соработка во кои повеќе од еден земјоделец, производител на храна, организација или индивидуа се согласуваат да работат заедно за да развијат краток синџир за снабдување со храна од кој би имале взаемна корист. Идентификувани се многу придобивки од ваквите видови соработка и тоа:

4 EIP-AGRI Focus Group, “Innovative Short Food Supply Chain management” – Final report, Nov 2015 https://ec.europa.eu/eip/agriculture/sites/agri-eip/files/eip-agri_fg_innovative_food_supply_chain_management_final_report_2015_en.pdf

- поголема понуда на производи достапна за потрошувачите,
- споделување ресурси меѓу производителите и преработувачите,
- одржување инфраструктура за локалниот синџир на исхрана (како што се касапниците),
- зголемена преговарачка моќ за групи производители,
- намалена конкуренција помеѓу малите производители и
- взаемна поддршка во борбата против изолацијата и стресот.

Растот на КСХ не е ограничен на раст во големина на индивидуалните бизниси со храна. Раст може да се постигне и преку зголемување, координирање и поврзување на повеќе комплементарни иницијативи од мал обем. Таквите иницијативи можат да добијат различни форми на организираност како на пример мали и микро бизниси, социјални претпријатија, компании за интересите на заедницата, кооперативи или иницијативи под водство на заедницата, во рурални или урбани средини. Во суштина, токму улогата на урбаните иницијативи водени од заедницата се сметаат како можност од исклучителна важност. Во извештајот е нагласено дека доколку растот се случува преку „зголемување“ од заедничко работење, тогаш се јавува силна потреба за унапредување на вештините за соработка, вклучително градењето на доверба и посредништвото, како и потреба за нови финансиски модели и намалување на законските пречки за малите и микро претпријатија. Различноста на КСХ влијае врз дефинирањето на формите и процесите за растење, кои се различни во различни земји и региони.

Според Европската регулатива за рурален развој (1305/2013), поимот „краток синџир за снабдување“ означува синџир за снабдување со храна кој вклучува ограничен број на економски оператори, посветен на заедничко работење (кооперативност) и локален економски развој, во кој постојат блиски географски и социјални врски помеѓу производителите, преработувачите и потрошувачите. Битно е да се истакне дека регулативата ја препознава важноста на социјалните врски помеѓу луѓето вклучени во синџирот со храна, што истовремено е битно и за да се разбере како функционираат заедничките КСХ. Регулативата донесена од Комисијата (11.03.2014) прецизно наведува дека поддршката за воспоставување и развој на кратки синџири за снабдување ќе ги опфаќа само синџирите за снабдување кои вклучуваат не повеќе од еден посредник помеѓу земјоделецот и потрошувачот (член11).

На КСХ повеќе не се гледа само како на алатка за подобрување на приходите во една фарма, туку и како на средство за повторна изградба на синџирите со храна, но овој пат со цел поддршка и примена на одржливи и здрави методи за производство на храна, генерирање одржливи живеалишта на самите фарми (во рурални, полу-урбани и урбани средини) и нова распределба на контролата во системот со храна. Вака поставените цели, ги разграничуваат оние иницијативи кои се обидуваат да решат еколошки и етички проблеми во системот со храна, од оние иницијативи што единствено сакаат да продолжат со својот „бизнис како и обично“.

Иако КСХ често се дел од локалните системи за храна (во кои храната се произведува, се тргува и се јаде во рамките на одредена географска област, почитувајќи ја сезоната и создавајќи територијална додадена вредност), тие не се ограничени на локално ниво за размена. Тие можат да бидат и распространети на далечина која ќе овозможи да бидат набавени производи од подрачја со различни климатски услови, но колку што е можно подиректно. КСХ може да се градат во многу различни форми, во зависност од околностите. Концептот на КСХ е динамичен и еволуира во зависност од вклучувањето на различни општествени актери кои се обидуваат да создадат низа иновации или експериментални структури на синџири со храна и сето тоа со крајна цел да изградат одржлива иднина на системот со храна.

1.1.3. Законски пречки

Во некои земји, националните регулативи или пак тие на ЕУ во комбинација со или без даночните системи се појавуваат како пречки за развој на заедничките КСХ. Фокус групата (EIP-AGRI) ја потврди оваа тема како најголем проблем во однос на растењето на КСХ. Име-

но, хигиенските барања беа идентификувани како најважна точка за решавање бидејќи тие претставуваат значителен предизвик за малите и традиционалните системи за производство на храна за кои главна одлика се КСХ. Возможно е да се спроведуваат правилата на ЕУ со претпазливост, употребувајќи ги сите исклучоци, флексибилност и можни отстапувања кои постојат во дадениот момент.

Иако сите европски земји ги имаат истите регулативи, сепак дел од нив не ги применуваат критериумите за флексибилност. Тоа може да се види и од студијата објавена од DG Sanco (2010) на ЕК каде се разгледани случаи за тоа како се применува флексибилноста во Чешка, Австрија, Финска, Шпанија, Обединетото Кралство и Германија. Резултатот покажа дека ОК, Австрија и Германија имаат искористено многу од предвидените чекори за флексибилност, додека други земји членки имаат искористено многу малку од мерките за флексибилност. Исто така, беше идентификувано дека во некои земји има недостиг од соодветна флексибилност во националните акти кои регулираат:

- Директна продажба на мали количини примарни производи до крајниот потрошувач или локален малопродажен објект кој директно го снабдува крајниот потрошувач. На пр. Директна продажба на мали количини месо од живина и лагоморфи (зајаци) заклани на фармата или ловци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач со дивеч или месо од дивеч или пак до локални трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач или снабдување со храна од животинско потекло од еден трговец на други во согласност со националниоот закон (само во случаи на маргинализирана, локализирана или поинаку ограничена активност).
- Национални правила за прилагодување на барањата за употребата на традиционални методи и/или конструкцијата, поставеноста и опременоста на објектите. Снабдување со инструкции/толкувања на регулативите за малите производства, дури и за производите со мал ризик.
- Скапи контроли за квалитетот на водата во објекти каде таа се користи само за чистење и не е дел од процесот за производство на храна, но во секој случај мора да биде со квалитет на вода за пиење.
- Различни национални сервиси кои работат во една иста земја во делот за контрола на примарно производство и во делот на преработки, може да предизвикаат компликации за малите претпиријатија, што е последица на недостатокот на обука за „занаетчиските“ модели на производство на официјалните лица за надзор.
- На крај, генерално сите регулативи се дизајнирани да бидат соодветни на индустриските модели за производство и преработка на храна каде пак постојат други ризици за разлика од тие во занаетчиските процеси на производство кои речиси редовно се користат во КСХ.

Во Франција постојат неколку исклучоци помеѓу случаите на директно доставување на храна во радиус од 80 км околу фармата (што во некои случаи достигнува до 200 км). Во Унгарија малите земјоделци можат да го достават својот производ во Будимпешта и во радиус од 40 км околу фармата (Регулатива 52/2010 Министерство за рурален развој).

1.2. Состојби во соседните земји

На глобално ниво, прехранбената индустрија генерално е најразвиена во економски богатите области, како и во близина на големите центри за живеење, бидејќи нејзината главна задача е да ги задоволи потребите за храна на потрошувачите.

Во помалите земји прехранбената индустрија е концентрирана во областа околу главниот град што заедно со опкружувањето вообичаено грубо проценето опфаќа помалку од 30% од територијата и повеќе од 50% правни лица во прехранбената индустрија работат во оваа област и тоа претежно повеќето средни и големи правни лица. Што се однесува пак на бројот на вработени во прехранбената индустрија 40% работат во големи претпријатија, додека 60% вработува секторот на мали и средни претпријатија. Вториве најчесто се „мали семејни бизниси“ со тројца вработени, што генерира помалку од 100.000 евра годишно. Повеќето од овие бизниси се концентрирани на локалниот пазар (пекари, месари,

Примери за решенија

Во Холандија е развиена поедноставена постапка за замена на скапиот HACCP за малите производители, што било направено во соработка помеѓу истражувачкиот институт за безбедност на храна (Rikilt) и неколку различни КСХ, преку националното финансирање за истражувања (Аселт и Шпигел 2013). Иако дефинираниот метод за „брзо скенирање“ во моментов се користи од малите бизниси, постапката сè уште не е одобрена од соодветниот национален орган.

Австрија ги применува европските регулативи со еден иновативен, флексибилен пристап, насочен кон гарантирање на здравјето на потрошувачите преку едноставни, но ефективни постапки за повеќе од 46,000 мали производители на храна во земјата. Во зависност од категоријата на производи, постојат само неколку клучни чекори при преработката (кои во HACCP-от се нарекуваат „критични контролни точки“). Клучно е да се научат неколкуте лица вклучени во преработката на храната за значењето на овие критични контролни точки (на пр. закиселувањето и загревањето е заради убивање на микробите во суровото млеко) прилагодено и разбирливо за практичарите (на пр. без да се упатуваат на читање закони и правни текстови). Австрија го реализираше ова со финансиска помош за програми за обука преку националната Програма за рурален развој. Како тоа помага?

о Помалку документација: Дневната документација за извршената работа е непотребна црвена линија и не функционира во пракса. Австриските власти се согласија да прифатат единствена стандардна форма на образец за секој производ, веќе пополнета со стандардни елементи за соодветниот процес на производство и завршена со совети и трикови во случај на неусогласеност при производството. Овие обрасци беа развиени од Земјоделската комората заедно со практичари и експерти, а беа објаснети на обуките (т.н.„Денови за хигиена“).

о Помалку лабораториски анализи на производите: Доколку производниот процес е совршен, теоретски и производот треба да биде совршен. За да се осигура безбедноста на храната, производителот на храна преку скапи лабораториски анализи мора да докаже дека неговите производи се безбедни. Во однос на т.н. „пристап заснован на ризик“ Земјоделската комора заедно со надлежните органи и експертите, развија категории на ризици во зависност од големината и видот на производството, како и според принципот дека мора да се анализира само „најопасното“ производство. Ваквите формули ги намалуваат годишните лабораториски трошоци - сепак во зависност од видот на производот - во некои случаи и до една десетина!

о За реално и одржливо подобрување на односот помеѓу властите и праксата најважно е да бидете во контакт постојано, да поставувате нивоа за расчистување на проблеми или отворени прашања и да им обезбедите ист обука и на двете страни.

млечни производи и сл.). Во таква ситуација, компаниите немаат развојни планови, немаат доволен капацитет за поголема економија, ниту пак имаат можност да го диверзифицираат производството, запоставувајќи го воведувањето нови линии или производи.

Дополнително, постојат и такви „мали семејни бизниси“ кои дејствуваат во секторот производство и преработка на храна, но формално не постојат. Тоа се малите семејни фарми кои првенствено произведуваат храна за сопствените потреби, а вишоците ги продаваат или подаруваат. Во различни периоди на транзиција, кризи или при други неповолни услови од опкружувањето, овие мали фарми произведуваат повеќе од првично споменатите вишоци кои ги продаваат, пронаоѓајќи егзистенција во таквата активност. Паралелно на тоа, истото го прават и традиционалните производители на одредени видови храна, само со поинаква почетна мотивација за зачувување на традицијата, пејсажот, старите семиња или знаења. И едните и другите, не се перцепираат како бизниси. Кога на тоа ќе се додаде воодушевеноста на општеството од индустриското производство на храна, кое до пред две децении на овие простори се сметаше како единствен легитимен начин за производство на храна, станува јасно зошто е тоа така, но се добива и јаз кој тешко може да се пополни поради недостаток на информации.

Поради ваквата генерална состојба, која ја имаме особено на нашите простори, во ова истражување дадени се податоци за семејните фарми (земјоделски стопанства) кои најчесто работат со примарни производи, а веднаш потоа и податоци за преработените производи што речиси во сите случаи се сведува на податоци за прехранбената индустрија. Истражувањето покажа дека освен „наложениот" попис од страна на ЕУ за типологијата на земјоделски стопанства кој започнува од најмалите фарми па понатаму, не постојат други податоци каде на било каков начин фигурираат малите производства на храна. Бидејќи често нивната соработка со прехранбената индустрија е неизбежна, а од друга страна во одредена смисла се конкуренти, дадени се податоци и за индустриското производство на храна поделено по сектори[5]. Наведените состојби се однесуваат на нашата земја и споредбено за Хрватска и Србија.

1.2.1. Хрватска

Економската важност на земјоделството во Хрватска сè уште е релативно голема и покрај трендот на опаѓање во последните неколку години. Истиот тренд може да се забележи и кај индустријата за преработка на храна. Двата сектори играат важна улога на пазарот на трудот, бидејќи значителен процент од популацијата на работна возраст ги остварува своите приходи од земјоделството и прехранбената индустрија.

Хрватска има необична структура на земјоделски стопанства, со многу мали семејни фарми (официјалната просечна големина на фармите во Хрватска е 2,4 ха) и неколку големи агро-бизниси. Пристапувањето на Хрватска во ЕУ доведе до зголемување на обемот на производство за повеќето земјоделски производи (освен за шеќерна репка, пченица и други житни култури), а намалување на обемот на производство за повеќето прехранбени производи (освен говедско, овчо и козјо месо).

Житарки, мелници за брашно, пекари, производство на масло за јадење

Житарките доминираат во земјоделското производство, со околу 65% од вкупното обработливо земјиште. Севкупно, производството на житни култури е најзначајната област во земјоделството во Хрватска, а пченката и пченицата се доминантни култури. За пченката и пченицата земјата има доволно производство за сопствените потреби. Хрватските фарми имаат тенденција да бидат помали и помалку технолошки напредни од тие во многу други земји на ЕУ, што ја намалува нивната конкурентност.

Хрватска има исклучително фрагментирана структура на земјоделски стопанства со околу 63% мали семејни фарми (со просечна големина на фармата од 2,4 ха) од вкупно регистрирани 190.000 фарми. Средните и големи фарми (од 20 до 300 хектари), кои поседуваат околу 32% од целокупното земјоделско земјиште, добиваат зголемено значење на пазарот што пак придонесува за диктирање на пазарните цени.

Најголем дел од компаниите во подсекторите житарици, мелење, маслодајни семиња, добиточна храна и пекари припаѓаат на комбинатот Агрокор или на Жито фирмата со седиште во Осијек. Пик Винковци и Беље се големи земјоделски стопанства со сопствено производство и преработка, исто така и снабдувачи на производителот на добиточна храна „Агрокор трговина" дел од Агрокор. Звезда која исто така е дел од Агрокор е лидер на пазарот на маргарин и масло за јадење.

ПКК Валпово е големо земјоделско стопанство во рацете на Жито д.о.о. Во пекарскиот дел, Агрокор повторно доминира во производството, особено преку ланецот пекарници Загребачке Пекарне. Друг важен играч во пекарството е Млинар, подружница на групата Скојо.

Фабрики за шеќер, производство на шеќер

Производството на шеќерна репка во Хрватска се одвива на околу 30,000 ха. Локалните рафинерии, вклучувајќи ги Виро, Сладорана и Кандит, работат за снабдување на домашниот и други пазари, вклучувајќи ги Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија, Албанија и ЕУ. Промената во секторот по пристапувањето на земјата во ЕУ е клучен двигател на зголемената цена за производителите за околу 156%. Овој пораст е воден од наметнатата квота за производство на шеќер.

5 Прехранбената индустрија во Југоисточна Европа – Хрватска, Србија и БЈР Македонија https://www.see-industry.com/en/food-industry-in-south-east-europe-serbia-croatia-fyr-macedonia/2/1389/

Преработка и производство на овошје и зеленчук

Во секторот за овошје и зеленчук (вклучително и грозје), производството се карактеризира со мали земјоделци кои произведуваат првенствено за себе. Секторот за овошје и зеленчук претставува околу 10% од бруто земјоделското производство. Општо и во двата подсектори е забележано намалување на производството. Грозјето (трпезно и винско грозје) и компирите се најважните артикли проследени со јаболка, мандарина, сливи и домати.

Компаниите за преработка (покрај Подравка) зависат од увоз на суровина бидејќи локалното производство не обезбедува доволни количини за преработка. Проблемите со кои во минатото се соочија многу од помалите преработувачи се однесуваа на искористување на нивните капацитети, како резултат на недоволното снабдување со суровини, што резултираше пак со финансиски проблеми што не дозволуваа модернизација на објектите. Во последните години голем број на преработувачи исчезнаа од пазарот или беа преземени од големите преработувачи.

Најважната компанија во преработката на овошје и зеленчук е Подравка со своите брендови Подравка, Вегета и СМС. Ледо, компанијата огранок на Агрокор специјализирана за длабоко замрзнати производи, ги снабдува супермаркетите со сите длабоко замрзнато производи како сладолед, готови оброци, риба, овошје и зеленчук. Традиционалното конзервирање сеуште го прави задругата Еуровоче, кооператива во северо-источниот дел на Хрватска.

Пиво и безалкохолни пијалоци

Во секторот за пиво, клучни компании се Загребачка пивовара (удел на пазарот 42%), белгиски Хајнекен (сопственик на пиварницата Карловачка, удел на пазарот 27%) и Данската Карлсберг (удел на пазарот 18%). Пред помалку од една деценија се појавуваат и првите пионерски микропивари - во суштина Хрвати кои патувале и пробале многу пива па посакале да додадат национален шмек на пивата кои ги сакаат. Вакви „крафт“ микропивари се среќаваат се почесто и стануваат вообичаени не само во Загреб, туку и во останатите помали градови и места низ земјата. Во намерата да се оформи нова насока во хрватското пиварство на микропиварите му се придружуваат пабови кои нудат исклучиво крафт пиво, како и фестивалите посветени на пивото, кои секоја година се сè побројни и популарни. Покрај тоа, се почесто Хрватска наоѓа свое место во туристичките понуди кои вкучуваат алтернативен, гастрономски или пивски туризам. Моментално, во Хрватска има околу 70 крафт односно занаетчиски пивари, што е прилично добра бројка за земја со 4 милиони жители и најмалку 13 фестивали тематски посветени на пивото.

Безалкохолните пијалоци во Хрватска се карактеризираат со добра препознатливост и силни локални брендови кои се нудат од повеќе компании. Ова резултираше со цврста доминација од страна на локалните компании, кои заземаат од две третини до три четвртини од целокупниот обем на продажба. Локалните компании забележаа различни резултати во 2015 година: некои се здобија со важност, додека други опаѓаа. Банкротираната Дона Трговина ДОО беше обновена во 2014 година и преименувана како Дона Напитци ДОО, запазувајќи ја сопственоста на марката, но преместувајќи го производството во Загреб. Во топли пијалаци, хрватската компанија Франк е број еден бренд за кафе.

Кондиторски производи, слатки, сладолед

Клучните играчи на хрватскиот пазар на кондиторски производи ги вклучуваат пред се локалните компании, предводени од Краш и Кандит. За производство на чоколадо, врвни компании на пазарот се Марс, кој ја задржа водечката позиција во слатки од чоколади во 2015 година со вкупен удел во вредноста на пазарот од 20%, па Фереро на второто место со вредносен удел од нешто помалку од 20%, додека Краш ги заобилоки првите три со удел од 18%.

Забележан е постојан пораст на увозот на слатки во Хрватска. Вообичаената мешавина на мултинационални брендови е присутна и на хрватскиот пазар, на пр. Фереро со промет поголем од 69 милиони евра, по што следат „Нестле“ и „Крафт“, присутни во различни под-сектори на пазарот на храна.

1.2.2. Србија

Србија е најголем пазар во регионот со долга традиција во земјоделството и поволна клима. Денес, производството на храна е една од најсилните точки на српската економија и во голема мера придонесува за социо-економскиот развој на регионот и трговскиот биланс на земјата. Производството и преработката на храна учествуваат со 25% и 35% во вкупниот српски извоз соодветно. Житарките, малините и шеќерот се водечки извозни производи.

Извозот на земјоделски производи е во постојан пораст и таков е и трговскиот биланс што изнесуваше близу милијарда евра во 2013 година. Србија е најголемиот извозник на прехранбени производи меѓу земјите на ЦЕФТА и единствениот нето-извозник. Индустријата за преработка на храна силно се развиваше и растеше во текот на годините на транзиција. Сепак, примарното производство сè уште е многу исцепкано. Од околу 5 милиони хектари земјоделско земјиште, 90% се во приватна сопственост. Земјоделските стопанства претежно имаат помалку од 50 хектари земја, додека фармите на домаќинствата просечна големина до 3 хектари.

За знализата на земјоделските стопанства во Република Србија од аспект на нивната економска големина се податоците од Земјоделскиот попис на Србија во 2012 година, од Заводот за статистика и Еуростат. Користената методологија за типологијата на земјоделските стопанства е ускладена со таа на ЕК (1242/2008).

Просечната економска големина на земјоделските стопанства во Србија во 2012 година е 5.939 ЕУР, додека гледано според правниот статус, овој индикатор е: (а) по семејни фарми - 4.990 евра; (б) во правни лица и претприемачи - 204.755 евра. Регионот Војводина има најголема просечна економска големина на земјоделското стопанство (12.032 евра), а најниска (3.414 евра) регионот на Јужна и Источна Србија. Гледано на ниво на Србија, од вкупниот број земјоделски стопанства (631.552) најголем број земјоделски стопанства (288.559 или 45,7%) имаат економска големина на фармата помала од 2.000 евра. Во исто време, најмал број на земјоделски стопанства (1.902 домаќинства или 0,3% од вкупниот број) е регистриран во економската класа од 100.000 евра нагоре. Најголема економска вредност по стопанство (10.828 евра) имаат стопанствата специјализирани за производство на зеленчук и цвеќиња (иако во овој вид на производство има најмал број на фарми) додека на дното на скалата се наоѓаат зем.стопанства специјализирани за производство на винова лоза и овошје (2.359.3 евра)

Фармите во економските категории од 0 до 1.999 евра и од 2.000 до 3.999 евра сочинуваат 68% од вкупниот број земјоделски стопанства во Србија, а просечната големина на нивното земјоделско земјиште не надминува 3 ха. Имајќи го ова во предвид, како и податоците од пописот во 2012 г. дека 77,4% од вкупниот број земјоделски фарми во Србија имаат површина до 5 ха, може да се заклучи дека доминираат т.н. мали и средни фарми (од аспект на користено земјиште) односно тие со ниска економска сила (од аспект на вкупната вредност на производството-стандарден аутпут).

Во структурата на правните лица доминираат микро, малите и средни претпријатија и претприемачи кои претставуваат околу 99% од вкупниот број правни лица, што одговара на структурата на бизнисот со храна во ЕУ каде малите и средните претпријатија претставуваат 99,2% од вкупниот број правни лица. Бројот на големи бизниси значително се намали во последните десет години и е резултат на завршувањето на процесот на приватизација и стечајот на некогашните големи компании во овој сектор. Правните лица во државна сопственост (34) сè уште се појавуваат во структурата, но се очекува оваа категорија на сопственост во прехранбената индустрија да исчезне во наредниот период. Домашните правни лица кои работат во прехранбената индустрија се доминантна категорија (3.434), но значаен е и бројот на странски правни лица (234). Големи компании работат во скоро секоја гранка на прехранбената индустрија, а најбројни се во производството на пекарски производи и тестенини, преработка и зачувување на месо и месни производи, производство на пијалоци и на млечни производи.

Житарки, мелници за брашно, пекари, производство на масло за јадење.

Србија има многу поволни климатски услови за земјоделско производство и 4,2 милиони хектари обработливо земјиште (од вкупно 5 милиони хектари земјоделско земјиште). Во текот на последните неколку години, Србија се етаблира како нето-извозник на житарици и масло за јадење. Земјоделските производи најмногу се извезуваат во земјите на ЦЕФТА, ЕУ и Руската Федерација. Сепак, поголемиот дел од производството на земјоделски кул-

тури е со низок принос, значително под потенцијалот. Водач во примарното земјоделско производство е Делта Аграр, која е дел од Делта М групацијата, за производство на земјоделски култури, зеленчук, овошје и добиток. Други поголеми примарни производители се ПКБ (Појопривредна Корпорација Београд), ПИК Бечеј и Миротин, кои тргуваат и произведуваат жито, масло за јадење, млеко и млечни производи.

Подсекторот за брашно и други мелнички производи брои најголем број производители во целиот сектор со храна. Една од најголемите компании е Фиделинка, за производство и трговија со житарки, брашно и тестенини. Други поголеми мелници за брашно се „Житко“ со седиште во Бачка Топола, што го купи српската компанија „Верано групација“, потоа со мелницата за брашно и истовремено пекарница, производител на тестенини и трговец со житни култури „Житопродукт“, производителот на брашно и тестенини „Данубиус“ и филијалата на „Делта М“ со седиште во Нови Сад, како и мелницата за брашно Кикиндски Млин и производител на тестенини во сопственост на Агрокор. Најголеми производители на леб и пецива во Србија се групацијата Клас, вклучувајќи ги Белградска пекарска индустрија и компанијата Клас. Втора по големина е Хлеб А.Д, Нови Сад.

Во српското производство на масло и масти доминираат две големи компании - Дијамант и Викторија Оил. Дијамант е најголем производител на масло за јадење и водечки производител на маргарини, растителни масти и мајонез во Србија. Хрватски Агрокор е нејзин најголем акционер. Викторија оил е дел од поголема групација Викторија и произведува сурови и рафинирани масла, протеински оброци и биодизел. Компанијата регистрираше над 80 милиони евра приходи во 2012 година.

Фабрики за шеќер, производство на шеќер

Шеќерна репка се одгледува и преработува во провинцијата Војводина на северот од Србија. Производството на шеќер драматично се зголеми во последните десет години и достигна скоро 500 000 тони во производната 2010/11 година. Главните причини за ваквото закрепнување се приватизацијата на шеќерниот сектор и стекнувањето повластен пристап до пазарот на Европската унија (ЕУ). И двете се случија на почетокот на последната деценија. Австрија е единствената друга земја со шеќерна индустрија со големина на таа во Србија. На друго место во Централна и Југоисточна Европа, производството на шеќер или е престанато (Бугарија) или нагло опаднато (Унгарија и Романија).

Производство и преработка на овошје и зеленчук

Србија е светски лидер во производство на малини. Други клучни плодови се јаболка, сливи, капини и вишни (вкупно околу 20 видови овошје). Врвниот квалитет на бобичастото овошје се должи на оптималните почвени и климатски услови (што резултира со поголема содржина на суви материи). Повеќе од 300 компании се активни во под-секторот за овошје во Србија. Во 2013 година, Србија учествуваше со повеќе од 40% во вкупното производство на малини во ЕУ и околу 24% од светското производство на малини.

Зеленчукот се одгледува на повеќе од 10% од обработливото земјиште во Србија, но производството се карактеризира со мали производства наменети пред се за индивидуални потреби. Најголеми центри за производство на зеленчук се Лесковац, Ниш, Алексинац, Краљево, Чачак, Уб, околината на Белград и Хоргош, како и некои други места во Војводина. Идеалната клима за производство на зеленчук ја прави Србија главен извозник и снабдувач на Југоисточна Европа. Најпопуларните зеленчуци произведени во Србија се: пиперка, зелка, домат и компир. Најголеми компании се ЗИК Јужни Банат, кој работи со Агромаркет д.о.о. Крагујевац како мнозински акционер на компанијата.

Основната дејност на компанијата е одгледување овошје и грозје на површина од 1830 хектари со силна позиција во извозот. Групацијата Лучиќ е најголем производител на зеленчук и земјоделски култури во Србија со капацитети за ладно складирање од 50 000 тони, но и капацитети за преработка и пакување. Друг главен играч е Фруит Ленд - група на споени кооперативи кои поседуваат модерни постројки за ладење. Фриком е најголемиот српски производител и дистрибутер на замрзната храна - главно сладолед и замрзнато овошје и зеленчук. Компанијата е во сопственост на хрватска „Агрокор груп“.

Пиво и безалкохолни пијалоци

Апатинска пивара АД денес е најголемата пиварница во Србија. Најпопуларен производ е пивото Јелен. Пиварата имала приходи од 160 милиони евра и инвестирала над 30 милиони евра после приватизацијата. Карлсберг Србија со Пивара Челарево е втора на српски-

от пазар на пиво. Врз основа на уделот на пазарот, уште поголеми пиварници се Пивара МБ (Хајнекен), Ефес Србија (сопственик на пиварниците Панчево и Зајечар) и Београдска Индустрија Пива.

Најголемиот производител на безалкохолни пијалоци во Србија, Кока-Кола, работи во земјата од 1997 година. Компанијата е присутна во неколку најголеми категории и има силен имиџ на брендот, поддршка во маркетингот и одлична дистрибуција на кои им ја должи водечката позиција.

Слатки и ужинки

Овој подсектор се соочува со сериозна конкуренција од регионот, претежно од Хрватска, како и од Турција. Монделез Интернационал го предводи делот за чоколади во Србија со учество во вкупната вредност на секторот од 17% во 2015 година. Компанијата има водечката позиција благодарение на огромната популарност на својата марка „Милка“ и одличната дистрибуција. Овој бренд беше рангиран на првото место во 2015 година со 14% учество во малопродажна вредност. Други поголеми компании се Свислион Таково, производител на храна и пијалоци како какао крем, овошни сокови, храна за бебиња, бисквити, вафли и чоколади, но и алкохолни напитоци. Соко Штарк е еден од најголемите производители на кондиторски производи во регионот, дел од словенечката групација Дрога Колинска. Марбо има широк спектар на производи почнувајќи од чипс од компири до јаткасти плодови. Компанијата е во сопственост на PepsiCo International.

1.2.3. Состојбата во Северна Македонија

Според Годишниот земјоделски извештај од 2017 година[6], во овој дел ќе се наведат и разгледаат состојбите во нашата земја, конкретно во делот на малите земјоделски стопанства и руралниот развој.

Согласно член 8 од Законот за воспоставување мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства кое има улога на Канцеларијата за врски при МЗШВ и Државниот завод за статистика се надлежни за воспоставување на типологија на земјоделски стопанства. Типологијата на земјоделските стопанства е единствена класификација на земјоделските стопанства според нивниот тип на земјоделско производство и економската големина како и значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското производство.

За прв пат, типологијата на земјоделските стопанства во Република Македонија е воспоставена во 2011 година врз основа на податоците од Земјоделскиот попис 2007 и пресметаните Стандард Аутпут коефициенти за најзначајните видови растително и сточарско производство. Новата типологијата на земјоделските стопанства е објавена во јуни 2015 година врз основа на податоците од структурното истражување на земјоделски стопанства спроведено во периодот од 1 до 20 јуни 2013 година и Стандард Аутпут коефициентите пресметани врз основа на податоци од последователни пет години.

Земјоделските стопанства се класифицирани во 14 класи на економска големина, додека според учеството на типот на земјоделско производство во вкупното производство на стопанството, земјоделските стопанства се класифицирани во 9 основни типови на земјоделско производство.

Според податоците од пресметаната Типологија на земјоделските стопанства, најголем дел од земјоделските стопанства, или 34,4% (58.814) од вкупно 170.885 земјоделски стопанства се класифицирани во првиот тип, односно специјализирани за поледелски култури, 18,2% (31.179) се во типот мешано растително-добиточно производство, 17,3% (29.574) се специјализирани за повеќегодишни култури, 10,3% (17.678) се класифицираат во типот мешано растително производство, 9,6% се специјализирани стопанства за тревопасен добиток (16.405), 4,4% (7.569) се земјоделски стопанства со мешан добиток, 3,3% (5.640) се специјализирани стопанства за добиток што се храни со семе и зрнеста храна, 2,1% (15.013) се класифицирани во типот специјализирани за градинарство, додека, пак, само 0,2% (366) се некласификувани стопанства.

6 Годишниот земјоделски извештај на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, публикација која содржи анализа на состојбите во земјоделството и руралниот развој во 2017 година http://www.mzsv.gov.mk/cms/Upload/docs/GZI-2017.pdf

Табела 13: Број на земјоделски стопанства според типот на земјоделското производство

Тип на земјоделско производство	Вкупно стопанства	Индивидуални земјоделски стопанства	Деловни субјекти
Специјализирано за поледелски култури	58 814	58 747	67
Специјализирано за градинарство	3 660	3 642	18
Специјализирано за повеќегодишни култури	29 574	29 513	61
Специјализирано за тревопасен добиток	16 405	16 342	43
Специјализирано за домашни животни што се хранат со семе и зрнеста храна	5 640	5 601	39
Мешано растително производство	17 678	17 663	15
Мешано добиточно производство	7 569	7 565	4
Мешано растително - добиточно производство	31 179	31 143	36
Некласификувани стопанства	366	365	1
Вкупно	170 885	170 581	304

Графикон 2: Број на земјоделски стопанства според класа на економска големина



Од графиконот број 2 може да се види дека најголем број на земјоделски стопанства се класифицирани во првите три класи на земјоделски стопанства, кои имаат вкупна вредност на производството до 15.000 евра. Имено, од вкупниот број класификувани земјоделски стопанства, 49,6% се класификувани во првата класа - до 2000 евра, 19,7% се класифицирани во втората класа од 2.000 до 4.000 евра, 16,5% во третата класа – од 4.000 до 8.000 евра и 9,1% во четврта класа – од 8.000 до 15.000 евра.

Се помал е бројот на земјоделски стопанства кои се класифицирани во повисоките класи, што и реално ја претставува сликата на земјоделските стопанства во Република Македонија кои во најголем број се ситни, мали и некомерцијални, а многу мал е бројот на големи земјоделски стопанства. Најголемо учество во формирањето на вкупната стандардна вредност на производството имаат земјоделските стопанства специјализирани за поледелски култури со 24,2%, додека најмало учество имаат земјоделските стопанства со мешан добиток со 4,2%.

Во Северна Македонија значењето на малите стопанства е особено големо, бидејќи средната големина на едно стопанство е 1,85 ха, но 58 отсто од земјоделските стопанства располагаат со помалку од 1 ха. До 5 ха површина користат 97 отсто од вкупниот број стопанства, со 5-10 ха располагаат само два процента од стопанството, а над 10 ха еден отсто. Карактеристиката на толку малите земјоделски стопанства е дека се користи првенствено сопствен труд, голем дел од сопствениците се пензионери, производствена структура е за сопствена консумација. [7]

Околу половина од земјоделското земјиште во Македонија е пасишта, 40% обработливо земјиште, а остатокот е земја под постојани култури и ливади. Најголем удел во обработливата површина имаат ораниците и бавчите со учество од 81%. Типичната големина на приватна фарма е 1,4 хектари, меѓутоа има и некои поголеми земјоделски фирми кои изнајмуваат земјиште од државата. Зеленчукот и раноградинарските производи сочинуваат најголем удел во земјоделското производство (28%).

Виното пак претставува околу 7% од земјоделското производство. Тренд на опаѓање се забележува кај посевите под житарици, бидејќи увезената пченица често се наоѓа со понискиски трошоци од домашното производство. Што се однесува до производството на животни, свинското месо придонесува со над 40% во вкупното домашно производство на месо, проследено со говеда, овци и кози.

Пекари, мелници за брашно и производство на масло за јадење

Скоро половина од обработливото земјиште е под житни култури, каде пченицата е доминантна култура, проследена со јачмен и пченка. Во 2016 година најголем удел во површината под ораници и бавчи имале житата засеани на вкупна површина од 167.683 хектари или околу 32,5% од обработливите површини. Сончогледот до пред околу една деценија кога имаше значително намалување на производството, се одгледувал на околу 6.000 ха. Моментално, поголемиот дел од сончогледот во Македонија се увезува. Некои од најголемите мелници за брашно се Жито Вардар и Жито Лукс а.д. Поголеми производители на масло за јадење се Брилијант масло и Благој Ѓорев-Кристал.

Производство и преработка на овошје и зеленчук

Производството на зеленчук е најзначајно, опфаќајќи околу 51% од вкупната вредност на растителното производство, додека пак производството на овошје учествува со околу 14%. Зеленчукот се произведува како рана, среднорана и доцна култура т.е. во заштитени простори (стакленици, пластеници) со и без греење и на оворено. Со комбинација на двата начина на производство, се овозможува снабдување на пазарот со одредена култура за подолг временски период. За периодот 2015-2017 година, производството на пиперка се одвива на најголема површина (35%), следено од производството на домати (22%), бостан (21%), зелка (околу18%) и краставици (4%). Градинарското производство се одвива главно кај индивидуалните земјоделски производители, карактеристично со мали стопанства и фрагментирани парцели. Со производство на зеленчук во 2016 година се занимавале 60 илјади земјоделски стопанства. Во овоштарството водечка култура е јаболкото, со просечно производство запоследната декада 58%, а потоа со значително помало производство следуваат сливата (17%), праската (5,5%), вишната (3,9%), итн. Овошните насади во сопственост на индивидуални земјоделски стопанства зафаќаат 87,6%.

Најголем дел од преработувачките капацитети се занимаваат со преработка и наовошје и на зеленчук (46%), додека помал е бројот на оние кои се исклучиво специјализирани за преработка на зеленчук (34%) или на овошје (16%). Преработувачите најмногу обезбедуваат зеленчук за своите производни потреби преку соработка со посредници односно фирми – трговци на големо (53%), потоа директно од производителите (28%), одз емјоделски фирми (17%) и само по 1% е од сопствено производство и одувоз. Кај овошјето доминира откупот од индивидуални производители (37%), но значителни се и количините кои се од сопствено производство (28%).

7 Малите земјоделски стопанства важен фактор за развој на земјоделството, Проф. Борис Анакиев Проф. Ромина Кабранова статија во Нова Македонија, 19.08.2019 https://www.novamakedonija.com.mk/pecateno-izdanie/%D0%BC%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D1%82%D0%BE%D0%BF%D0%B0%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0-%D0%B2%D0%B0%D0%B6%D0%B5%D0%BD/

Поголеми компании се Витаминка АД, Вори доо, Зора Шпед, Агро Комерц, Алтра, ДИЕМ ГП, Фрукта, Македонија АГ, Випро, ДИМ Комерц, како и Бонум, која произведува и преработува печурки и други растителни производи. Во секторот постојат и голем број помали компании за преработка.

Република Северна Македонија е извозник на преработен и конзервиран зеленчук, посебно преработени пиперки, но и други конзервирани зеленчуци, при што дури 80% вкупното производство на оваа индустрија оди за извоз.[8]

Пиво

Откако продажбата на пиво достигна 94 милиони литри и околу 144 милиони евра во 2009 година, глобалната економска криза ја погоди земјата. Производството на пиво закрепна во 2014 година, кога вкупниот обем на продажба на овој пијалок се зголеми за 2% и достигна 69 милиони литри, што ја донесе продажбата на пиво на скоро исто ниво како пред кризата во 2008 година. Вкупната продажба на пиво во Македонија се зголеми за 6% и достигна 8,8 милијарди денари во 2014 година. Најголеми лидери на пазарот се Пивара Скопје со 57% вкупен удел во 2014 година, а потоа следи Прилепска пивара - компанија со долга традиција. Околу 2014 и 2015 година, на македонскиот пазар се појавуваат нови производители на пиво со нови пивски брендови. Тоа се двете големи производствени погони на минералните води „Горска“ и „Кожувчанка“ од Кавадарци, кои на македонскиот пазар ги лансираат брендовите Скопско и Наше Македонско, секоја соодветно и тоа со подвидови како темно и црвено пиво.

Производството на домашно пиво во Македонија, зема се поголем замав во втората деценија на XXI век од поголем број на приватни лица кои со знаења и искуство од странство и интернет и обезбедување на состојки од домашно потекло успешно во домашни услови произведуваат различни видови на пиво. Првата домашно-занаетчиска Крафт Пивара „Темов“ се отвора во 2009, додека првиот салон на занаетчиските (домашни) пива во Македонија се одржа на 3 март 2018 година, каде 12 производители на пиво во домашни услови (кујна, гаража) од Скопје, Битола, Велес, Куманово и Грција ги претставиле своите пива пред стотици присутни.

8 Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје (2019) Анализи за спроведување на инвестиции за изградба на откупно-дистрибутивни центри. Студија: Осврт на производството, откупот и трговијата со зелнчук и овошје.

2. Политики на Европската Унија и Балканските земји со кои се регулира производството на растителни производи

Кога станува збор за креирањето на земјоделските политики од голема важност за секоја земја е **реалното согледување на состојбата на терен во поглед на примената на конкретни закони и регулативи** како и потребата од нивно дополнување, промена или креирање на нови законски рамки.

Оттука може да се заклучи дека е потребно **што почесто да се преземаат следните чекори** и активности со цел:

- Да се утврди кои прашања и проблеми ги решава земјоделската политика, дали тие проблеми се вистински и оправдани
- Да се утврди, какви цели конкретната политиката си поставува и дали ги поставува во рамки на решавање на проблемите
- Да се анализираат мерките кои политиката ги употребува за решавање на проблемите и остварување на целите и да се оцени, дали некои други алтернативни мерки би биле поефикасни
- Да се проценат ефектите на спроведените политики од аспект на ефикасност и други општествено релевантни критериуми (поддршка на руралните заедници, социјална и економска исплатливост итн.)

2.1. Одржлив систем на храна

Европскиот систем на храна е регулиран од голем број на закони кои се донесуваат на европско, национално и локално ниво. Кога зборуваме за системот на храна во целост, мора да се каже дека не станува збор за еден изолиран систем туку во спротивно станува збор за кохерентен систем во кој влегуваат различни директиви, регулативи и одлуки кои се однесуваат на земјоделството, производството на храна, трговијата, безбедноста на храната,

семенскиот материјал, животната средина, јавното здравство, руралниот развој, правата на работниците и многу други. Основата на овие регулативи се посебните барања за безбедност на храната. Тоа значи дека сите кои се вклучени во процесот на производство и дистрибуција на храна мора задолжително да ги применуваат прописите за безбедност.

Изминатите неколку години во рамки на Европската Унија се обрнува големо внимание на создавање услови за креирање на одржлив систем на храна. Но што тоа значи?

Концептот „одржлив“ систем на храна се појави во почетокот на 90 години, а истиот и денес се заснова на три основни постулати: економски, социјален и еколошки.

„Одржлив систем на храна е систем кој гарантира безбедна храна во доволни количини за сите, притоа запазувајќи ги економските, социјалните и еколошките критериуми кои ќе бидат основа за безбедна храна и во доволни количини за идните генерации[9].“

Прв обид да се развие таков пристап беше направен во 2013 година, кога Европската Комисија го претстави Патоказот на Европа за ефикасно искористување на ресурсите, што резултираше со серија дискусии и консултации за одржливоста на системот за храна[10]. За жал овој процес на европско ниво не профункционира и од тоа не произлегоа никакви резултати. Подоцна во текот на 2015 и 2016 година на европско и интернационално ниво уште посериозно се пристапи кон дефинирањето и донесувањето на „Целите за одржлив развој“ (Sustainable Development Goals (SDGs))[11]. И покрај тоа што се презедоа низа на активности во таа насока, сеуште постојат значајни недостатоци и слабости во рамки европската политика за храна, особено ако тие се набљудуваат низ призмата на одржливиот систем на храна, но и од аспект на предвидени цели, активности и степенот на нивна реализација.[12]

Понатаму може да се заклучи дека не постои сеопфатна политика кога се зборува за храна на ниво на ЕУ. Голем број на политики имаат влијание врз храната, но ниту една во целост не го препознава широкиот опфат на храната. Законот за безбедност на храна (General Food Law) се однесува исклучиво за безбедноста на храната, а притоа не се обрнува внимание на нејзината нутритивна вредност. Додека пак регулативите кои се однесуваат на подигнувањето на квалитетот на храната не се соодветно поврзани со одржливиот начин за нејзино производство.

Во последните години во рамки на ЕУ се повеќе се зголемуваат барањата за темелно преиспитување на европските регулативи за храна, како и за креирање на сеопфатна политика која ќе биде „транзитна“ и во интерес на одржливото производство на храна. За да се креира една ваква политика потребно е да се спроведат радикални процеси кои во целост ќе го опфатат широкиот спектар на храната, како и нејзината поврзаност со останатите системи како и со процесот на производство, дистрибуција и консумација.

Сето ова само уште еднаш ја потврдува важноста на малите фармери и малите бизниси со храна. Во претходните глави детално е објаснето застапеноста, состојбата и важноста на овие мали фармери кои во суштина придонесуваат за креирање на одржлив систем на храна во чија основа се: користењето на локалните растителни и животински суровини неопходни за производство, употребата на традиционални методи на производство, скратениот синџир за дистрибуција на храна, намалување на депопулацијата од руралните средини, заштита на културното наследство, заштита на животната средина и целокупниот биодиверзитет итн.

2.2. Позначајни европски регулативи кои се однесуваат на растителните производи и нивните преработки

Во оваа точка ќе се разгледуваат генералните европските регулативи кои се однесуваат на растителното производство и нивни преработки, но од аспект на производство во мали количини и мали бизниси со храна. Исто така ќе се направи и разгледување на националните закони во нашата држава и во некои балкански земји како што се: Србија, Црна Гора, како и на Хрватска која е веќе дел од Европската Унија.

9 HLPE. 2017. Nutrition and food systems. A report by the High Level Panel of Experts on Food Security and Nutrition of the Committee on World Food Security, Rome.
10 https://ec.europa.eu/environment/consultations/food_en.htm
11 Sustainable development goals – FAO
12 Transitioning Towards Sustainable Food Systems in Europe

Кога зборуваме за растителното производство во рамки на европските политики постојат повеќе регулативи. Дел од нив ги пропишуваат основните критериуми за групите производи, со што се дефинираат следните категории на растителни преработки:

1. Овошни сокови и слични преработени производи
2. Кафе и цикорија
3. Овошен џем, желе, мармалад и пире од костен
4. Маслиново масло

   4.1 Означување на маслиновото масло и маслиново масло добиено од смесата после прво цедење
5. Алкохолни пијалаци

2.2.1. Овошни сокови и слични производи наменети за човечка консумација

Економски факти и значајност на секторот
Во рамки на Европската Унија најголем производител на овошни сокови и слични производи е Германија, па после неа следат Шпанија, Италија, Полска и Австрија. Во 2017 година вкупниот износ од продажба на овошни сокови изнесувал 9,8 милијарди евра. Во Европа најмногу се произведува овошен сок од портокал и тоа 24%, потоа мешани овошни сокови 21%, јаболков овошен сок 15% и сокови од грозје 17%. Доколку ја разгледуваме потрошувачката односно консумацијата на овошни сокови по држави најмногу се консумираат во Германија и тоа со 2,342 милиони литри годишно а веднаш после неа следат Франција, Полска и Шпанија. Но интересен е фактот што по однос на консумација на овошни сокови по глава на жител водечка земја е Кипар и тоа со 30,6 литри по жител годишно. После Кипар следат Малта, Германија, Австрија, Холандија и Шведска[12].

Оваа категорија на растителни производи е уредена со повеќе директиви и регулативи и тоа:

Директива на советот 2001/112/ЕК (Council Directive 2001/112/EC (OJ L10, p58, 12/01/02)) донесена на 20 декември 2001 година.

Оваа директива е **изменета**, односно надополнета со следните регулативи и директиви:

- Регулатива на советот (ЕК) 1182/2007 (Council Regulation (EC) No 1182/2007 (OJ L273, p1, 17/10/2007)) од 26 септември 2007 година, во која се опфатени специфичните барања кои се однесуваат на овошјето и зеленчукот.
- Регулатива (ЕК) 1332/2008 (Regulation (EC) No 1332/2008 (OJ L354, p7, 31/12/2008)) на европскиот парламент и советот од 16 декември 2008 година која се однесува на ензимите во храната.
- Директива 2009/106/ЕК (Directive 2009/106/EC (OJ L212, p42 15/08/2009)) од 14 август 2009

Директива 2012/12/ЕУ (Directive 2012/12/EU (OJ L115, p1, 27/04/2012)) на европскиот парламент и советот од 19 април 2012 која се однесува на составот овошните сокови и сличните производи наменети за човечка консумација

Регулатива на комисијата (ЕУ) 1040/2014 (Commission Delegated Regulation (EU) No 1040/2014 (OJ L 288, p1, 02/10/2014)) од 25 јули 2014 која се однесува на овошните сокови и сличните производи наменети за човечка консумација и со која се налага да се прифатат надополнувањата во Анекс I во однос на техничките процеси

По прифаќањата на овие измени и надополнувања на **5 октомври 2014 година во сила стапува и сеуште се** применува новата консолидирана верзија на Директива на советот 2001/112/ЕК.

13 Извор: CBI.EU

За директивата:
Со оваа директива се пропишуваат општите стандарди за составот на овошните сокови и сличните производи, употребата на дополнителни описи, производните спецификации како и специфичните барања за нивно означување. Барањата за стандардите и означувањето се постигнуваат со следење (почитување) на пропишаните спецификации за овие производи.
Во рамки на оваа директива се контролира употребата на следните имиња на производи: овошен сок, овошен сок на база на овошни концентрати, концентриран овошен сок, дехидриран овошен сок/овошен сок во прав, овошен нектар. Само оние производи кои се во согласност со барањата и конкретните спецификации за квалитет што се пропишани во директивата можат да бидат именувани со овие имиња.
Понатака во Анекс I од овој правилник се опфатени имињата на производите, дефинициите на производите и нивните карактеристики, каде во дел I се издвоени дефинициите за производите а во дел II се наведуваат одобрените состојки, техничките процеси и супстанции; Анекс II се однесува на дефиницијата на основната суровината; во Анекс III се наведени одредени исклучоци за конкретни производи кои се наброени во Анекс I; Анекс IV се однесува за специфичните барања кои треба да ги исполнат овошните нектари; Анекс V минимални Brix единци за преработен овошен сок и овошно пире

2.2.2 Кафе и цикорија

Економски факти и значајност на секторот
Европа има една од највисоките просечни годишни потрошувачи стапки на кафе по глава на жител во светот и тоа со нешто над 5 кг кафе по човек годишно. Водечка земја по потрошувачка на кафе по глава на жител во светот е Финска, каде просечната годишна потрошувачка е 12 кг по жител.
Во однос на преработувачката на кафе (печење на кафе) во 2018 година Германија е најголем производител и тоа со 551 000 тони годишно или вкупно 31% од вкупното производство во Европа, веднаш после неа е Италија со 414 000 тони годишно или 23 %, па потоа е Франција со 139 000 тони годишно или 8%[13].
Цикорија (Cichorium intybus) е двегодишно растение кое традиционално се одгледува во Европа и уште одамна но и денес се користи како замена за кафе. Моментално цикоријата се одгледува на површина од 15.000 хектари кои се распространети во Белгија, Франција и Холандија.

За регулирање на екстрактите од кафе и цикоријата е пропишана европската Директива на советот 99/4/ЕК од 22 февруари 1999 година (Council Directive 99/4/EC (OJ L66, p26, 13/03/1999).

Подоцна на 18 ноември 2013 година е направено нејзина измена и надополнување по што во сила стапува консолидирана верзија на Директивата на советот 99/4/ЕК (Council Directive 99/4/EC)

За директивата:
Оваа директива ги пропишува барањата за составот, пакувањето и означувањето на екстракти од кафе и екстракти од цикорија. Само производите кои се произведени во согласност со директивата можат да бидат наменети за продажба. Понатаму во анкесот кој е дел од оваа директива се наведени описи на производите, нивните дефиниции и специфичните карактеристики за составот на: „екстракт од кафе“, „растворлив екстракт од кафе“, „кафе кое се раствора“ и „инстант кафе“.

14 Извор: ЕУРОСТАТ 2018

2.2.3. Овошен џем, желе, мармалад и пире од костен

Економски факти и значајност на секторот
Во текот на наредните години поточно до 2023 година во рамки на Европската Унија се очекува производството на џем, мармалад, пире од костен и желе значително да се зголеми и тоа да изнесува 6 553 780 000 килограми, што за споредба во 2015 година изнесување 5 125 700 000 килограми[14]. Тоа е сразмерно со проширениот пазар и големата потрошувачка на овие производи, како и со се поголемите трендови за здрави животни навики. Најголем производител и потрошувач на џемови пире и мармалади е Франција, а веднаш после неа се Германија, Италија и Шпанија. Она што е интересно е дека локалното производство на овие производи и користењето на локалните и сезонски растителни сорти се сеуште тренд и се повеќе се ценат. Сето тоа придонесува за зголемената додадена вредност на производот како и поголемата пазарна цела.

Овошниот џем, желе, мармалад и засладено пире од костен кои се наменети за човечка консумација се регулираат со европската Директива на советот 2001/113/ЕК од 20 декември 2001 година.

Оваа директива е **изменета**, односно надополнета со следните регулативи и директиви:

- Директива на советот 2004/84/ЕК од 10 јуни 2004 година (Council Directive 2004/84/EC (OJ L219, p8, 19/06/2004))
- Регулатива на советот (ЕК) 1182/2007 од 26 септември 2007 година (Council Regulation (EC) No 1182/2007 (OJ L273, p1, 17/10/2007))
- Регулатива (ЕУ) 1021/2013 на Европскиот Парламент и на Советот од 9 октомври 2013 година (Regulation (EU) No 1021/2013 of the European Parliament and of the Council (OJ L 287, p1, 29/10/2013))

По прифаќањата на овие измени и надополнувања на **18 ноември 2013 година стапува во сила и се** применува новата консолидирана верзија на Директивата на советот 2001/113/ЕК

За директивата:
Со овој законски акт на советот на европската комисија се уредуваат, односно се дефинираат имињата на растителните преработки како овошен џем, желе, мармалад и засладено пире од костен. Соодветно на тоа одредени производи може да се декларираат како такви само доколку ги исполнуваат наведените стандарди за нивно производство и стандардот за квалитет кој е пропишан во самата директива. Исто така со во рамки на директивата се наведени конкретни барања за нивно означување. Во оваа директива има три анекси и тоа: Анекс I во кој се наведени имињата на производите, нивниот опис и дефинициите за производите; Анекс II се надведени дополнителни состојките кои можат да се употребат за производство на дефинираните производи во Анекс I; Анекс III дефиниции и техничките процеси кои се применуваат за преработка на основните суровини.

15 Извор: Светска статистичка организација – СТАТИСТА

2.2.4. Маслиново масло

Економски факти и значајност на секторот
Кога зборуваме за производство на маслиново масло мора да се нагласи фактот дека Европската Унија е најголем производител и извезувач на маслиново масло и трпезни маслинки. Големите интензивни плантажи но и оние мали традиционални насади со маслинки, заедно со праисториските маслинови дрва стари од 2 500 до 3 000 години се одлика на медитеранските земји во кои производството и консумацијата на маслиново масло е длабоко навлезено во традицијата и културата на народите кои се населени таму. Во рамки на Европската Унија само во девет земји се одгледуваат плантажи на маслинови насади и тоа во: Грција, Шпанија, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Малта, Португалија и Словенија. Во овие земји над пет милиони хектари се опфатени со маслинови плантажи од кои повеќе од половина се наоѓаат во Шпанија. Тоа придонесува ЕУ да биде застапена со 70 до 75 % од производството на маслиново масло во светот и повеќе од една третина во производство на трпезни маслинки.
Притоа европските политики се креирани на начин кои придонесуваат за поддршката и унапредувањето на производството на маслиново масло преку директна помош упатена кон производителите но и преку промотивни кампањи и имплементирање на стандарди за квалитет. Кога зборуваме за политиките за квалитет над 125 различни видови на маслинови масла се заштитени со ознаките за квалитетот како Заштитена ознака за потекло (ЗОП) и Заштитена географска ознака (ЗГО).

Маслиновото масло се регулира од два аспекти со два различни законски акти и тоа:

Регулатива (ЕУ) 1308/2013 на Европскиот парламент и Советот, која стапи во сила на 17 Декември 2013 година, со што се воспоставува заедничкото уредување на пазарите за земјоделски производи (Regulation (EU) No 1308/2013 of the European Parliament and of the Council (OJ L 347, p371, 20/12/2013)).

Регулатива на комисијата (ЕУ) 29/2012 од 13 Јануари 2012 година која се однесува на продажните стандарди за маслиново масло (Commission Implementing Regulation (EU) No 29/2012 (OJ L 12, p14, 14/01/2011)).

Оваа регулатива е **изменета** со Регулативата на комисијата (ЕУ) 1335/2013 од 13 декември 2013 година (Commission Implementing Regulation (EU) No 1335/2013 (OJ L335, p14, 14/12/2013)), па потоа е делегирана со Регулативата на комисијата (ЕУ) 2018/1096 (COMMISSION DELEGATED REGULATION (EU) 2018/1096) по што на 6 Февруари 2019 во сила стапи новата консолидирана верзија на Регулатива на комисијата (ЕУ) 29/2012

Означување на маслиновото масло и маслиново масло добиено од смесата после прво цедење

Означување е задолжително за маслиновото масло и смесата добиена после првото цедење. Со цел утврдување на конкретните услови и стандарди за означување постојат неколку регулативи:

Генералните барања за означување се пропишуваат со регулативите Регулатива (ЕУ) 1169/2011 и Регулатива (ЕУ) 1308/2013, додека пак со Регулативата (ЕУ) 29/2012 се пропишуваат дополнителните информации за означување.

Со Регулативата (ЕУ) 29/2012 се пропишуваат посебните барања за големината и формата на етикетите, како и на описот на производот.

За регулативите:
Регулативата (ЕУ) 1308/2013 се однесува на заедничкото уредување на пазарите за земјоделски производи, со што сите опфатени производи кои се наведени во Анекс I (житарици, ориз, шеќер, сточна храна, семиња, хмељ, маслиново масло и трпезни маслинки, лен и коноп, овошје и зеленчук, преработки од овошје и зеленчук, банани, вино, дрва и останати растенија, корења и цвеќиња, тутун, телешко и јунешко месо, млеко и млечни производи, свинско месо, овчо и јагнешко месо, јајца, живина, етил алкохол добиен од земјоделски производи, мед и останати производи од пчели, свилена буба и останати производи) со исклучок на рибни производи и останатата аквакултура кои се уредени со други европски регулативи. Во оваа регулатива има вкупно четиринаесет анекси со кои се дефинираат стандардите за квалитет на производите од шеќер и ориз, листа на производи и супстанции во производите кои се забранети за исхрана во училиштата, национални откупни цени за различни производи итн.
Регулатива на комисијата (ЕУ) 29/2012 се однесува на условите за продажба на маслиново масло, што би значело продажба до крајниот потрошувач. Во првите членови од оваа регулатива се дефинирани и поимите маслиново масло, екстра ладно цедено маслиново масло, маслиново масло добиено од смесата после прво цедење, амбалажата и максималната количина на амбалажата како и условите за користење на ознаките за квалитет (ЗГО, ЗОП).

2.2.5. Алкохолни пијалаци

Економски факти и значајност на секторот
Алкохолните пијалаци се произведуваат во сите земји членки на Европската Унија, а истите се наменети како за продажба и консумација во рамки на ЕУ но и за извоз. Вкупно 47 категории на алкохолни пијалаци се регулирани на европско ниво (рум, виски, вино, вотка, бренди, овошни ликери, пченични пијалаци, пиво итн.) од кои околу 240 се заштитени со ознаката заштитено географско потекло. Сето ова е знак дека овој сектор е длабоко вкоренет од историјата и традицијата на европските земји. Од вкупно 12 милијарди евра кои влегле во касата на ЕУ како резултата на извозот во 2018 година, алкохолните пијалаци придонесоа со скоро 10 милијарди евра.

Посебните барања и спецификации во однос на квалитет и технички стандард, дефиниции, опис, означување како и заштитата со географско потекло на алкохолните пијалаци се регулираат со Регулативата (ЕК) 110/2008 на Европскиот парламент и Советот, донесена на 15 јануари 2008 година (Regulation (EC) No 110/2008 (OJ L39, p16, 13/02/2008)).

Последното надополнување односно измена е направена на 8 јуни 2019 година, па оттогаш влегува во сила консолидираната верзија Регулативата (ЕК) 110/2008.

За регулативата:
Во оваа регулатива се пропишани правилата за дефиниција, презентација и означување на алкохолните пијалаци како и правилата кои се однесуваат за користење на ознаките за квалитет, односно заштитена географска ознака (ЗГО). Оваа регулатива исто така се однесува и на начинот и ставањето во продажба на алкохолните пијалаци на пазарот во Европската Унија без разлика за тоа дали производот е произведен во ЕУ или пак во други земји, како и за пијалаците кои се произведени во ЕУ а се наменети за извоз. Во регулативата се пропишуваат и условите за користење на етил алкохол или дестилати кои се користат за производство на алкохолни пијалаци, како и за користење на имињата и начинот за нивното означување.

2.3. Заклучок за европските регулативи во поглед на растителните производи и нивни преработки

Неспорен е фактот дека производството на растителните производи е важен економски фактор во земјите од ЕУ. Тоа создава голем простор за примена на новите европски политики кои ќе се креираат со цел да се постигне инклузивен одржлив и „паметен“ развој кој ќе придонесе за пазарно одржлива економија.

Различните категории на растителни производи и нивни преработки се уредуваат со повеќе различни законски акти како директиви на Советот на Европскиот парламент, регулативи и слично. Бидејќи целта на анализата е да се направи компарација на европското законодавство со националното, но и со тоа на соседните балкански држави во однос на малите бизниси со храна кои произведуваат мали количини на растителни производи, неопходно е да се потенцира дека горенаведените регулативи **се однесуваат исклучиво на дефинирањето на**: категориите на производите кои се предмет на уредување, стандардните карактеристики кои треба да ги исполнат групите на производи, посебните барања за означување и пакување, производните спецификации, како и условите за воспоставување на заеднички пазар. Тоа значи дека секој еден производител, односно бизнис со храна без разлика на обемот на производство мора да ги следи и применува сите наведени стандарди, секако доколку сака на пазарот да пласира производ кој ќе биде именуван како пр.: „овошен сок“, „бренди“, „маслиново масло“, „мармалад“ итн.

Во дел од горенаведените законски акти во повеќе регулативи (Регулатива на комисијата (ЕУ) 29/2012 – за маслиново масло, Регулативата (ЕК) 110/2008 - за алкохолни пијалаци) се обрнува доста големо внимание на ознаките за квалитет како што се Заштитена ознака за потекло или Заштитена географска ознака. Тоа значи дека употребата на локалните растителни генетски ресурси и традиционални техники на производство се длабоко вкоренети во традицијата, историјата и културата на народите кои живеат на европскиот континент. Овие ознаки за квалитет придонесуваат за уште поголема додадена вредност на производите која е високо ценета од европските граѓани во улога на консументи. Со тоа им се дава простор и на помалите бизниси со храна да ги насочат своите производства кон квалитетен и стандардизиран производ кој ќе биде конкурентен на европскиот пазар. Во овие регулативи, квалитетот и стандардите за производство треба да се согледаат низ призмата на безбедност на храна, што би значело контрола врз употребата на дополнителните супстанции како количество на шеќер, соединенијата кои се додаваат за конзервирање и слично. Сето тоа ќе придонесе и за намалување на степенот на заблуда на консументите.

Со цел слободно „движење“ на производите кои се предмет на уредување на овие европски регулативи, јасно е наведено дека земјите членки на Европската Унија треба да се воздржат од донесување на национални закони со кои на различен начин би се уредиле или дефинирале различните категории на производи. Со тоа се постигнува поголема контрола врз квалитетот на производството во рамки на Европската Унија, а од друга страна се создаваат можности за стабилен пазарен економски раст. Исто така факт е дека овие регулативи и нивната ефикасност и примена се следат на годишно ниво и тие често се надополнуваат и изменуваат.

Може да се заклучи дека во овие законски акти **не станува збор за условите и барањата за хигиена кои бизнисите со храна или објектите за нивно производство треба да ги исполнат**. Сите тие услови и барања се наведени во генералната европската регулатива за хигиена на храна, односно Регулатива (ЕК) 852/2004 (REGULATION (EC) No 852/2004).

2.4. Европската регулатива за хигиена на храна

2.4.1. Општо за регулативата

Регулативата на Европскиот парламент и на советот Регулатива (ЕК) 852/2004 донесена на 29 април 2004 година се однесува на генералните барања за хигиена на храната која е наменета за човечка консумација. Со примена на барања наведени во оваа регулатива ќе се постигне заштитата на човековото здравје и безбедност, што пак е основна цел на генералниот Закон за храна (Food Law) преточен во Регулатива (ЕК) 178/2002 (REGULATION (EC) No 178/2002).

За безбедноста на храната влијаат следните фактори: законската рамка со која се пропишуваат минимални хигиенски барања; официјалните посети од страна на надлежните институции кои треба да вршат контроли на операторите со храна и нивната усогласеност со хигиенските барања; како и тоа дали операторите со храна ги спроведуваат програмите за безбедност и основните HACCP принципи.

Во контекст на Заедничката земјоделска политика, голем број на директиви и регулативи се изменија и надополнија со цел да се исполнат барањата за хигиена на сите прехранбени производи вклучително и производите од животинско потекло. Законската рамка треба да нуди можност за примена на одредена **флексибилност** која може да биде применлива

во различни ситуации **вклучувајќи ги и малите бизниси со храна.** Всушност неопходно е да се признае дека, не секој еден оператор со храна може да ги идентификува критичните контролни точки и дека во некои случаи особено кај малите оператори со храна доволно е да се применуваат само добра хигиенска и производна пракса.

Флексибилноста исто така дава можност да се продолжи со употреба на традиционални методи на производство во која и да било фаза од производството, преработката и дистрибуцијата на храна, особено во однос на барањата за условите кои еден производен капацитет треба да ги исполни. Игра голема улога и за одржување и развој на бизнисите со храна во региони кои се дефинираат како региони со географски и економски ограничувања. Во секој случај флексибилноста не смее да ја загрози безбедноста на производот и сите исклучоци, прилагодувања и отстапувања треба да бидат транспарентни и јасно наведени.

2.4.2. Флексибилноста која ја дава оваа регулатива

Конкретно **во Глава 1** од Регулатива (ЕК) 852/2004 каде се дефинирани општите одредби, **во член 1 став 2** е точно наведено дека регулативата **не се однесува на:**

с. директното снабдување од страна на производителот на мали количини примарни производи до крајниот потрошувач или до локалните малопродажни објекти кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач.

Но понатака во **став 3** од истиот член е јасно посочено дека секоја земја членка на ЕУ може да донесе национални закони со кои би се регулирало директното снабдување. Притоа овие национални закони треба да ја исполнат основната цел на оваа регулатива.

Во **член 2 став 3** пак стои дека во Анексите I и II кои се дел од оваа регулатива се среќаваат изрази како **„кога тоа е потребно", „во таков случај", „соодветно" и „доволно"** што остава можност но и обврска операторот со храна да одлучи дали барањето е неопходно, прифатливо, соодветно или доволно за исполнување на целите во Регулативата.

Важно:
Регулативата (ЕК) 852/2004 дава широки можности за нејзино толкување и примена на флексибилност.

Конкретно **во Глава 5** – Завршни одредби, **член 13** – измени и надополнувања на **Анекс I** (Примарно производство) и **Анекс II** (Општи хигиенски барања кои треба да ги исполнат сите оператори со храна), со исклучок на примената на Анекс I, соодветно во:

Став 2 стои дека: „Одредени отстапувања можат да бидат дозволени, со цел полесна имплементација на член 5 кој пак се однесува на анализа на опасностите и критични контролни точки (HACCP), особено од страна на малите бизниси со храна, притоа земајќи ги во предвид релевантните фактори на ризик со што не би се загрозиле општата цел на оваа регулатива а тоа е производство на безбеден производ".

Став 3: „Секоја земја членка на ЕУ може да донесе и прилагоди свои национални мерки во согласност со ставовите од 4 до 7 (во член 13), а во однос на барањата од Анекс II".

Став 4:

„(а) Националните мерки кои се однесуваат на став 3 имаат за цел:

(i) да го овозможат користењето на традиционални методи во која и да било фаза од производството, преработката и дистрибуцијата на храна или

(ii) да се прилагодат одредени барања кон бизнисите со храна кои се наоѓаат во региони со посебни географски ограничувања

(b) во други случаи националните мерки може да се однесуваат исклучиво на објектите за производство во однос на конструкцијата, дизајнот и опремата".

Од тука може јасно да се констатира дека членот 13 или конкретно став 2 и став 4 ја даваат можноста за флексибилност, особено кога станува збор за оператори (бизниси) со храна кои сеуште користат традиционални методи на производство, или пак сеуште се активни во региони со географски ограничувања. Паралелно на тоа јасно е наведено дека **за малите бизниси** со храна без разлика на тоа дали станува збор за производи од животинско или

растително потекло, може да се донесат национални мерки во однос на конструкцијата, дизајнот и опремата на објектите со цел полесна примена на критериумите на HACCP системот.

Напоредно на тоа бидејќи Република Северна Македонија во целост ги има усогласено своите национални закони во рамки на безбедноста на храна, овие членови и соодветните ставови од Регулатива (ЕК) 852/2004 можат да послужат како добра основа за применување на флексибилноста и во поглед на малите бизниси со храна кои произведуваат производи од растително потекло.

Во понатамошниот дел од анализата ќе се наведат македонските законски акти во поглед на безбедноста на храна, а ќе се направи и конкретна споредба со Регулативата (ЕК) 852/2004 од која тие произлегуваат како и деловите кои даваат основа за флексибилност и на национално ниво.

2.5. Национални закони од областа безбедност на храна и квалитет на земјоделски производи

Хармонизацијата со законите на ЕУ треба да овозможи слобода, безбедност и правда, како и единствен пазар во кој непречено се остваруваат економските и другите функции на Унијата. Процесот на усогласување се однесува на целото acquis communitaire кое во себе опфаќа многу повеќе од правни прописи меѓу кои: земјоделство и рурален развој, безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика. Кога зборуваме за националното законодавство од областите за безбедност на храна и квалитет на земјоделски производи важно е да се нагласи дека во голема мера постои усогласување односно хармонизација со директивите и регулативите на Европската Унија.

2.5.1. Закон за безбедност на храна и споредба со Регулатива (ЕК) 852/2004

Предмет на уредување на Законот за безбедност на храна (Службен весник на РМ, бр. 123 од 22.07.2015 година) се основните начела за безбедност на храна и храна за животни, општите и посебните хигиенски барања за храната, организационите структури на системот на безбедност на храна и официјални контроли на храна и храна за животни. Основната цел на овој закон е да обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната, особено земајќи ја предвид разновидноста при снабдување на храна вклучувајќи храна со традиционални карактеристики, обезбедувајќи ефикасно функционирање на внатрешниот пазар, општите начела и одговорности итн.

Во рамки на оваа анализа ќе се разгледаат поконкретно **членовите 42, 44, 114, 115 и 116** од законот за безбедност на храна кои пак овозможуваат да се направат одредени прилагодувања кај малите бизниси со храна вклучително и производите од растително потекло. Флексибилноста која произлегува од овие членови е видлива во последниот став од секој член во кој се посочува дека Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува отстапувањата.

Конкретно во **ГЛАВА I** која се однесува на Хигиена на храната, **во Член 42** кој се однесува на Општи одредби за хигиена на храната, во **став 1** стои дека:

(1) Операторите со храна ги применуваат општите барања за хигиена на храната земајќи ги предвид следниве принципи:

1) **примарната одговорност за безбедноста на храната ја сносат операторите со храна;**
2) безбедност на храната треба да се обезбеди низ целиот ланец на производство, преработка и дистрибуција на храната, започнувајќи со примарното производство;
3) треба да се обезбеди одржувањето на ладниот ланец, за храната да може безбедно да се складира на соодветна температура, особено замрзнатата храна;
4) општата имплементација на процедурите кои се засноваат на принципите на анализа на опасност и критични контролни точки (во натамошниот текст: HACCP), заедно со примена на правилата за добрата хигиенска пракса (во натамошниот текст: ДХП), треба да ги зајакне одговорностите на операторите со храна;

5) упатствата за добра пракса претставуваат важен инструмент за поддршка на бизнис операторите со храна на сите нивоа од ланецот на храна, а во согласност со правилата за хигиена на храната и со примена на принципите на HACCP;

6) неопходно е да се утврдат микробиолошките критериуми и барања за контрола на температурата засновани врз научна процена на ризикот и

7) неопходно е да се осигури дека увезената храна ги исполнува најмалку истите хигиенски стандарди како храната која е произведена во Република Македонија, или е со еквивалентен стандард.

Во овој член треба да се потенцира дека **најголемата одговорност за безбедноста на храната ја имаат операторите со храна.** Затоа од голема важност за секој оператор со храна особено за малите производители е следливоста како во процесот на производство (во однос на чекори на производство, влез и излез на основните суровини) така и на дистрибуцијата односно продажбата. Оваа следливост е доста нагласена во голем број Евроски регулативи, а тоа е така бидејќи малите производители можат на тој начин најмногу да се заштитат и да осигураат дека нивниот производ е безбеден за консумација.

Во **став 3** од овој член стои дека:

(3) Општите барања за хигиена на храната не се применуваат на:

3) директно снабдување, од страна на производителот, на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач.

Понатака пак во **став 4** се вели: „Директорот на Агенцијата ги пропишува барањата за хигиена на храната за директно снабдување од страна на производителот, на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија“.

Во **ГЛАВА II** која се однесува на обврските на операторите со храна, во **Член 44** Општи и посебни барања за хигиена, **во став 1 и став 2** се потенцира дека операторите со храна кои вршат примарно производство и придружни операции на примарното производство, како и производство, преработка и дистрибуција на храна мора задолжително да ги применуваат општите и посебни хигиенски барања.

Конкретно во **став 3 стои дека:**

3) Операторите со храна треба да ги применат следниве посебни мерки за хигиена:

1) усогласеност со микробиолошките критериуми за храна;

2) процедури неопходни за исполнување на целите поставени во овој закон;

3) почитување на барањата за контрола на температура за храната;

4) одржување на ладниот ланец на храна и

5) земање примероци за анализа

Додека пак во **став 4** е наведено дека:

4) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува:

1) општите барања за примарно производство и придружни операции;

2) општите барања за сите оператори со храна и барања и условите кои се однесуваат на оператори со храна од животинско потекло;

3) општи барања за храна;

4) посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храна;

5) посебните барања за температурна контрола;

6) посебните барања за одржување на ладен ланец;

7) посебните барања за мерките или постапките неопходни за исполнување на поставените цели за хигиена на храната;

Од **став 4 алинеа 2** може да се увиди дека **станува збор за сите оператори со храна вклучително и малите бизниси** со храна кои **произведуваат производи од растително потекло**.

Дополнително во **став 5 се вели**:

(5) **Директорот на Агенцијата може во рамките на прописите од ставот (4) на овој член да пропише отстапување од наведените мерки од ставот (3)** на овој член за да ја олесни имплементацијата за **малите бизниси**, имајќи ги предвид релевантните фактори на ризик, доколку таквите отстапки не влијаат врз постигнувањето на целите на овој закон како и општите и посебните барања за локализирана активност на операторите со храна и општите и посебните барања за примена на традиционалните методи на производство, преработка и дистрибуција на храна по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Понатаму во **Дел VI Посебни барања за оделни активности со храна**, во **Член 114** кој се однесува на Директно снабдување со храна од страна на производителот до краен потрошувач или до локален малопродажбен објект, во **став 3** стои дека:

(3) **Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува начинот и барањата кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител** до краен потрошувач по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Од овој став исто така може да произлезе конкретна флексибилност по однос на начините и барањата со кои производителите треба да ги исполнат.

Во **Член 115** е целосно наменет за храна со традиционални карактеристики каде пак во став 2 е наведено дека:

(2) **Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува условите за** просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат, како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Со овој став се дава конкретна можност за примена на традиционални методи на производство, со што доколку се искористат и и применат во национални правилници ќе придонесат за заштита и унапредување на традиционалните производи.

Во **Член 116** се опфатени Националните мерки и Локализираната Активност. Како значајни ставови од овој член на кој може да се заснова конкретна флексибилност особено за оператори со храна од мал обем се ставовите 1, 2, 3 и 5:

(1) Агенцијата, не доведувајќи го во прашање остварувањето на целите одредени со овој закон и одредбите на членот 43 од овој закон, може да одобри исклучоци од одредбите на овој закон, во случај на оператори со храна од мал обем, со цел да го овозможи спроведувањето на прописите, имајќи ги предвид битните фактори на ризик, под услов тие исклучоци да не влијаат врз остварувањето на целите на безбедност со храна утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Агенцијата одредува мерки за прилагодување на пропишаните општи и посебни барања за хигиена на храната во која било фаза на производство, преработка и дистрибуција на храна.

(3) Целта на мерките од ставот (2) на овој член е:

- овозможување на продолжување на **примената на традиционални методи** во секоја фаза на производство, преработка и дистрибуција на храна или
- овозможување на работа на операторите со храна кои се наоѓаат во подрачја во кои постојат посебни **географски или економски ограничувања**.

5) **Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува отстапувањата од ставот (1) на овој член и условите и барањата кои треба да ги исполнат операторите за храна од ставот (3)** на овој член како и општите и посебните барања за локализирана активност на операторите со храна и **општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство**, преработка и дистрибуција на храна по претходно добиена согласност Владата на Република Македонија

Кога зборуваме за усогласување на националните закони со европската регулативи треба да се потенцира дека Правилникот за општите барања за примарно производство и при-

дружни операции како и општите барања за храна **е целосно усогласен со Регулативата (ЕК) 852/2004**. Овој правилник всушност произлегува од **Анекс I** (Примарно производство) и **Анекс II** (Општи хигиенски барања кои треба да ги исполнат сите оператори со храна) од Регулативата.

Заклучок:
ГЛАВА I Член 42 од закон за безбедност на храна е во целост усогласена со Глава 1 член 1 од Регулатива (ЕК) 852/2004.

ГЛАВА II Член 44 ставовите 1, 2, 3 од законот за безбедност на храна е усогласен со Глава 2 член 14 од Регулатива (ЕК) 852/2004.

ГЛАВА II Член 116 став 3 од законот за безбедност на храна е во одреден дел усогласен со во Глава 5 – Завршни одредби, член 13 – измени и надополнувања на Анекс I и Анекс II, Став 4. Разликата во усогласувањето е во тоа што во македонскиот **член 116 став 3 е изоставен делот**: (b) во други слачи националните мерки може да се однесуваат исклучиво на објектите за производство во однос на конструкцијата, дизајнот и опремата“ – кој пак стои во член 13 Став 4 од Регулативата (ЕК) 852/2004.

Од овие направени споредби на националниот закон за безбедност на храна и европската регулатива, како и цитирања на конкретни членови од законот за безбедност на храна може да се земе основата за изготвување на нов Правилник кој би ги опфатил малите бизниси со храна кои произведуваат мали количини на производи од растително потекло и истите ги стават на пазарот преку каналите за директно снабдување, но и оние кои користат традиционални методи на производство или пак се сместени во региони со географски ограничувања.

2.5.2. Останати поважни национални закони и правилници кои треба да се земат во предвид за производи од растително потекло

Законски акти кои се предмет на уредување на Агенцијата за храна и ветеринарство

Системот за контрола на безбедност на храната во Република Северна Македонија е одговорност поделена меѓу:

- Агенција за храна и ветеринарство (АХВ)
- Фитосанитарна управа (ФУ),
- Управа за семе и саден материјал (УССМ), и
- Државен инспекторат за земјоделство (ДИЗ)

Главен напредок и реформа во системот на безбедност на храната беше постигнат со донесувањето на Законот за безбедност на храната. Формирањето на Агенција за храна и ветеринарство како независен орган на Владата на Република Северна Македонија се покажа како најприфатлив организациски модел на системот за безбедност на храна кој пак е според критериумите и високите стандарди на Европската Унија.

Од **законот за безбедност на храна** произлегуваат поголем број на подзаконски акти односно правилници. Во овој контекст ќе се набројат група на правилници кои се однесуваат на производи од растително потекло, а ги опфаќаат:

1. барањата за квалитет кои треба да ги исполнат одредени производи од растително потекло;

2. начинот и постапката за земање примероци, посебните нутритивни вредности, микробиолошки карактеристики, како и правилникот за дозволени количини на остатоци од пестициди и резидуи;

3. повеќегодишниот контролен план за надзор од областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата и информации поврзани со храната.

Во **првата група** на правилници кои се однесуваат на квалитетот на производите, дефинициите на одредени производи, нивна класификација и категоризација, технолошките процеси на производство, физиките, хемиските и физичко – хемиските и органолептички својства у карактеристики како и барањата за пакување (амбалажа) и нивно означување треба да се земат во предвид следните правилници:

2012-127 Правилник за барањата во однос на квалитетот на растителните масла за јадење и масти од растително потекло, на маргаринот, мајонезот и на нив сродни производи

2013-15 Правилник за барањата во однос на квалитетот на освежителните безалкохолни пијалоци

2013-24 Правилник за барањата во однос на квалитетот на зачините, екстрактите од зачини и смесите на зачини

2013-28 Правилник за барања за квалитетот на пивото

2014-69 Правилник за барањата во однос на квалитетот на преработени производи од овошје и зеленчук како и печурки и нивни преработки

Во **втората група** треба да се земат во предвид следните правилници:

2011-133 Правилник за начинот и постапката на земање примероци за определување на резидуи од пестициди во храната во рамките на официјалната контрола. Овој правилник е усогласен со Регулатива (ЕК) 2202/63.

2013-65 Правилник за нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната. Овој правилник е усогласен со Регулатива (ЕК) 1924/2006.

2013-100 Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната. Овој правилник е усогласен со Регулатива (ЕК) 2073/2005.

2013-114 Правилник за изменување и дополнување на правилникот за адитивите што се употребуваат во производство на храната. Овој правилник е усогласен со Регулатива (ЕК) 232/2012.

2018-91 Правилник за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло.

Во однос на **третата група** треба да се земе во предвид:

2015-119 План за изменување на повеќегодишниот контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата.

Посебно внимание треба да се обрни на 2015-150 Правилник за информации поврзани со храната.

Со овој правилник се пропишуваат информациите поврзани со храната, заради обезбедување на висока заштита на потрошувачите, земајќи ги предвид разликите во перцепцијата на потрошувачите и нивните потреби да бидат информирани, а во исто време обезбедувајќи непречено функционирање на внатрешниот пазар. Во рамки на овој правилник се потенцираат и задолжителните информации кои треба да бидат наведени на еден производ кој е наменет за дистрибуција и продажба и кој секој еден производител без разлика на обемот и начинот на производство треба да ги наведе. Од друга страна пак треба да се потенцира дека со правилникот се врши усогласување со Регулативата (ЕК) бр. 1169/2011.

Како што е наведено во Анекс V од Регулативата, но и во Прилог 4 од Правилникот, може да се направат исклучоци во однос на задолжителните информации со храна или конкретно:

„ Не е потребно да се означат сите информации во случај на:

- стаклени шишиња наменети за повторна употреба (потребно е да се означи само име, алергиска реакција, нето-количина, рок на употреба и означување на нутритивните својства);

- пакувања на кои најголемата површина им е помала од 10 cm2 (само име, алергиска реакција, нето-количество, рок на употреба; списокот на состојки ќе биде доставен на друг начин, или на барање);
- за одредени видови храна, означувањето на нутритивните својства нема да биде потребно:
  - непреработени производи кои се состојат од една состојка или категорија состојки
  - преработени производи доколку: Единствениот чекор на обработка е зреење и Се состојат од една состојка или категорија состојки
  - минерална вода
  - билки или зачини
  - сол
  - трпезни засладувачи
  - кафе
  - чај
  - ферментиран оцет
  - ароми
  - адитиви во храната
  - помошни технолошки средства за преработка
  - ензими во храна
  - желатин
  - соединенија за згуснување џем
  - квасец
  - гума за џвакање
  - храна која е спакувана во амбалажа чија најголема површина е помала од 25 cm^2
  - храна која производителот во мали количества ја снабдува до крајниот потрошувач или до локални малопродажни објекти кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач. **Ова се однесува на земјите-членки на ЕУ.**
- пијалаци кои содржат повеќе од 1,2% алкохол (не е потребно да се означи списокот на состојки и нутритивните вредности).

Законски акти кои се предмет на уредување на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Во поглед на растителното производство а и генерално не смеат да не се наведат законите[16] за:

- Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010; 53/2011, 126/2012, 15/2013 и 69/2013).

  Со овој закон се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на националната земјоделска политика, планирање, следење и процена на националната земјоделска политика, партнерство со социјални и економски партнери од областа на земјоделството, мерките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој, државната помош во земјоделството и руралниот развој, формите на организирање и здружување во земјоделството и контролата на спроведување на мерките и надзорот над спроведувањето.

16 Линк од интернет страна на МЗШВ каде се достапни законите: http://www.mzsv.gov.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8.aspx

- Закон за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2010; 53/2011 и 55/2012).

  Со овој закон се уредуваат пазарите на земјоделските производи, стандардите за квалитет,

  класификацијата, означувањето на квалитетот и информативниот систем за житарици и ориз, храна за животни, свежо овошје и зеленчук, јајца и месо од живина, говедско месо, свинско месо, овчо и козјо месо, млеко и млечни производи, производи од пчели, заштитата на земјоделски и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, контролата и надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон.

- Закон за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2005; 81/2008; 20/2009; 57/2010; 17/2011 и 148/2011).

  Со овој закон се уредува здравјето на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетните организми кај растенијата, растителните производи и други објекти и предмети, превенција од нивно внесување и ширење, мерки за сузбивање, биолошки мерки за заштита на растенијата, пристапот и размена на информации и информатичкиот систем, трошоци и надоместоци, надлежност на органите, овластените служби, органи и тела во областа на здравјето на растенијата и се уредуваат и други прашања од областа на здравјето на растенијата.

- Закон за виното консолидиран текст кој сеуште не е официјално применет во сила.

  Со овој закон се уредуваат планирањето и управувањето со производствениот потенцијал за производство на винско грозје, производството на вино, пазарот и прометот со вино, класификацијата на вината, производството, означувањето и заштитата на вината со географски назив и описот, означувањето и заштитата на виното како и здружувањето на производители на вино.

Заклучок:
Во однос на националните закони и правилници, важно е да се потенцира дека во голема мера се усогласени со европските регулативи.
Од друга страна пак на нив треба да се гледа како на документи кои секој еден бизнис со храна треба да ги земе во предвид и да се придржува кон истите особено на правилниците кои се однесуваат на стандардните карактеристики за групата производи кои се наменети за продажба.
Исто така покрај задолжителните информации и квалитетот постојат можности за нивно прилагодување кое пак се однесува на производство и ставање во промет на храна во мали количини, особено кога станува збор за директна продажба.
Затоа е важно при креирање на националните законски акти да се обрне големо внимание на обемот на производство. Секако при тоа не треба да се доведе во прашање безбедноста на храната како и тоа да се избегне да се доведат во заблуда потрошувачите.
Сите стандарди за производство на производи од растително потекло во мали количини треба да се насочат кон дефинирање на едноставни процедури и барања за хигиена.
Во Република Северна Македонија од страна на надлежните институции до овој момент не се направени официјални и јавни конкретни анализи, студии и мониторинг за успешноста од примената на постоечките закони и правилници. Исто така не постои ниту анализа на тоа колкав е интересот за основање на мал бизнис со храна и можностите за развој кои ги нуди државата.
Тоа допринесува за отежнување во процесот на креирање нови или изменување на веќе постоечките закони.
Секако по примерот на регулативите од Европската Унија треба да се земат конкретните насоки за изготвување на национални законски акти во чија основа стои дека секоја земја членка на ЕУ може да изготви или прилагоди свои национални мерки доколку смета дека тоа е потребно.

2.6. Разгледување на националните закони во Балканските земји

Случај 1. Република Србија

Законодавната и административната рамка која се однесува на прехранбената индустрија во најголем дел е под надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Србија. Прехранбената индустрија се регулира со повеќе закони, правилници и уредби[17].

Основен закон од кој произлегуваат поголем број на правилници и уредби е Законот за безбедност на храна ("Сл. гласник РС", бр. 41/2009 и 17/2019) со придружни подзаконски акти. Сепак, останатите под-сектори се регулирани или дополнети со посебни законски акти и тоа:

- Производите од **животинско потекло** се уредени со: Закон за ветеринарство (Сл. гласник РС бр. 91/05 и 30/10 и 93/12); Закон за сточарство (Сл. гласник РС бр. 91/05 и 30/10 и 93/12); Закон за благосостојба на животните (услови за транспорт и колење) (Сл. гласник РС бр. 41/09); Закон за заштити и одржливост при искористување на рибниот фонд (Сл. гласник РС бр. 128/14).
- Производство на **вино** е уредено со: Закон за вино (Сл. гласник РС бр. 41/09 и 93/12)
- Производство на **безалкохолни и алкохолни пијалаци**: Закон за јаки алкохолни пијалаци (Сл. гласник РС бр. 92/15); Закон за пиво (Сл. гласник РС бр. 30/10)

Квалитетот на млекото и млечните производи е област која што во Р. Србија е регулирана уште во 2009 година, додека производството на жито, мелнички и пекарски производи, тестенини, храна за животни, вино, пиво, мед, џем и пекмез, но и хигиената на свежо и замрзнато овошје се предмет на уредување во последните две, три години. Усвоените правила го претставуваат првиот чекор во решавањето на еден од најважните проблеми на прехранбената индустрија во Р. Србија, а тоа е квалитетот.

Шемите за квалитет се регулирани со Законот за органско производство (Сл. гласник РС бр. 30/10) и со Законот за географско потекло (Сл. гласник РС бр. 18/2010). И двата закони имаат подзаконски акти кои детално ги регулираат овие области.

Поважни правилници кои се однесуваат на производи од растително потекло се:

- Правилник за поблиските услови за производство и ставање во промет прехранбени производи од неживотинско потекло (Pravilnik o bližim uslovima za proizvodnju i promet prehrambenih proizvoda biljnog porekla ("Službenom glasniku RS", br. 50/96))
- Правилник за квалитет на жито, млински и пекарски производи и тестенини (Pravilnik o kvalitetu zita, mlinskih I pekarskih proizvoda I testenina ("Sl. glasnik RS", br. 68/2016 i 56/2018))
- Правилник за квалитет на производи од овошје, зеленчук и печурки и пектински производи (Pravilnik o kvalitetu proizvoda od voća, povrća i pečurki i pektinskih preparata ("Sl. list SFRJ", br. 1/79, 20/82, 39/89 – dr. pravilnik, 74/90 i 46/91 – dr. pravilnik, "Sl. list SRJ", br. 33/95 – dr. pravilnik i 58/95 i "Sl. list SCG", br. 56/2003 – dr. pravilnik, 4/2004 – dr. pravilnik, 12/2005 – dr. pravilnik i 43/2013 – dr. pravilnik))
- Правилник за квалитет на жито, млински и пекарски производи, тестенини и брзо смрзнато тесто (Pravilnik o kvalitetu žita, mlinskih i pekarskih proizvoda, testenina i brzo smrznutih testa ("Sl. list SRJ", br. 52/95 i "Sl. list SCG", br. 56/2003 – dr. pravilnik, 4/2004 – dr. pravilnik i "Sl. glasnik RS", br. 43/2013 – dr. pravilnik))

Генерално Правилникот за поблиските услови за производство и ставање во промет прехранбени производи од неживотинско потекло се однесува на објектите за производство, опремата и останатите придружни операции кои се неопходни да се исполнат, што би значело дека секој мал бизнис со храна или производител кој произведува мали количини производи е потребно да регистрира погон за производство и да исполни услови кои важат и за поголемите прехранбени индустрии.

Меѓутоа поради потребата од тоа да се изготви нов под законски акт кој ќе им овозможи на малите производители на храна од растително потекло легално да можат да ги стават во промет своите производи, а по примерот и донесувањето на „Правилник за мали количини

17 Преглед актуелног стања са SWOT анализом за прехранбену индустрију у Србији (2017 год.) - https://islidedocs.net/document/2-pr-analiza-stanja-sa-swot-1-pdf

примарни производи со кои се снабдуваат крајните потрошувачи, областите кои го регулираат нивното производство како и отстапувањата кои се однесуваат на малите оператори со храна кои произведуваат производи од животинско потекло (Службен весник на РС, бр. 111/17)“ и неговото стапување на сила од 1 јануари 2018 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се насочи кон изработка на посебен правилник за условите на хигиена на храна кои се однесуваат на малите субјекти на храна од растително потекло[18].

Со новиот Правилник поблиску ќе се пропишат видовите на растителни производи кои ќе бидат опфатени, максималното дозволено количество на овие производи, начините на кој ќе можат да се стават во промет, а ќе бидат наведени прилагодувањата и отстапките од општите и посебните барањата за хигиена кои ќе се однесуваат на малите производители кои произведуваат во кругот на сопствената фарма и за објектите од мал обем. Посебни услови ќе се пропишат за примената на традиционалните методи и производството на традиционални производи. Со овој правилник ќе се направи и олеснување на планот за самоконтрола, како и за бројот на примероци кои треба да се обезбедат за испитување на безбедноста на производот. Означувањето на производите исто така ќе се уреди, но ќе се бара и едноставна документација од страна на производителот за: користената суровина, производството и за продажбата.

Категории на производи од растително потекло кои ќе се опфатат се следните: 1. Брашно; 2. Пецива; 3. Тестенини; 4. Овошни сокови; 5. Производи добиени со термичка обработка на овошје; 6. Производи од сушено овошје; 7. Производи добиени со термичка обработка на зеленчук; 8. Производи од сушен зеленчук; 9. Производи од сушени билки (зачини); 10. Производи од зеленчук со ниска киселост; 11. Преработени печурки; 12. Ладно цедено растително масло; 13. Останати растителни сокови; 14. Непреработени производи.

Заклучок:
Генералната ситуација во Р. Србија е тоа што постоечките закони и правилници не се доволно јасни во некои од областите кои ги уредуваат и создаваат дополнителни забуни кај производителите. Исто така преку разни прописи се пропишуваат стандарди кои се далеку од можностите на земјоделците и преработувачите да ги применат во пракса, со што се придонесува за слаба примена на законските одредби. На 1 јануари 2018 година во Србија стапи на сила нов „Правилник за мали количини примарни производи со кои се снабдуваат крајните потрошувачи, областите кои го регулираат нивното производство како и отстапувањата кои се однесуваат на малите оператори со храна кои произведуваат производи од животинско потекло“ (Правилник о малим количинама примарних производа које служе за снабдевање потрошача, подручју за обављање тих делатности као и одступања која се односе на мале субјекте у пословању храном животињског порекла Службеном гласнику“ РС, број: 111 од 11).
Во поглед на производството на мали количини производи од растително потекло од страна на мали бизниси (или оператори со храна од мал обем) како и условите за објектите и опремата и минималните хигиенски барања, сеуште не постојат правилници или други подзаконски акти со кои тоа би се регулирало. Но во текот на 2019 година МЗШВ на Р. Србија ја препозна потребата од донесување на нов подзаконски акт и за таа цел во наредниот период ќе се насочи кон изработка на истиот. Покрај новиот правилник предвидено е и изработка на Водич кој ќе ја олесни имплементацијата на новиот правилник.
Како позитивен пример кој треба да се земе во предвид е тоа што во Србија на ниво на цела прехранбена индустрија се прават анализи и се врши мониторинг за степенот на применливост и успешност од примената на постоечките законски акти. Исто така во голем дел реално се проценува и моменталната состојба во поглед на малите оператори со храна и се става акцент на нивната важност. Од овие анализи и мониторинг произлегуваат конкретни планови и стратегии за тоа во кој дел од законодавството треба да се преземат одредени надополнувања, измени и корекции.
Постојните закони и подзаконски акти на Србија се делумно усогласени со законодавството на ЕУ. Најважните области што треба да се усогласат во иднина во однос на прехранбената индустрија, се заедничка организација на пазарот, политика за квалитет, безбедност на храна, внатрешна и надворешна трговија итн. Како резултат на тоа во наредниот период се очекуваат измени, надополнувања и стапување на сила на нови подзаконски акти, како и измени и надополнување на Законот за безбедност на храна.

18 Извор – МАЛА ФАРМА https://malafarma.rs/olaksice-za-male-proizvodace-u-proizvodnji-i-preradi-hrane-biljnog-porekla/

Случај 2. Црна Гора

Главен и надлежен орган во Црна Гора по однос на безбедноста на храна е Министерството за земјоделство и рурален развој (МЗРР).

1. Министерството за земјоделство и рурален развој (МЗРР) ги спроведува следните активности: предлага политика за безбедност на храна и добиточна храна; донесува прописи за примена на овој закон; донесува годишни програми за набљудување; организира спроведување на службени контроли; го доставува годишниот извештај за безбедност на храна и добиточна храна до Владата на Црна Гора.

2. Административните тела (фитосанитарни, ветеринарни, управување со водите) кои се во склоп на МЗРР се одговорни за утврдување на степенот на исполнување на пропишаните условите и издавање на дозволи за вршење активности во објектите за производство, преработка и дистрибуција на храна и добиточна храна; регистрирација на објекти за производство на храна и добиточна храна; водење на централен регистар на одобрени и регистрирани објекти; подготвување и спроведување на повеќегодишен план за службени контроли; подготвување на годишни извештаи за спроведување на повеќегодишниот план; воспоставување и одржување на соработката со Европската Комисија.

Основен законски акт со кој се регулира областа безбедност на храна е **Законот за безбедност на храна** донесен на 23 септември 2015 година (Zakona o bezbjednosti hrane ("Službeni list CG", broj 57/15)). Од законот за безбедност на храна произлегуваат повеќе уредби и правилници, но во овој контекст ќе се наведат само оние кои се однесуваат на производи од растително потекло.

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за безбедност на храна, Владата на Црна Гора на 3 март 2016 година ја донесува „**Уредбата за условите за отстапување во однос на изградбата, уредувањето и опремувањето на објектите со мал обем на производство, преработка и обработка на храна"** (Uredbu o uslovima za odstupanje u pogledu izgradnje, uređenja i opremanja objekata koji imaju mali obim proizvodnje, prerade i obrade hrane ("Službenom listu CG", br. 21/2016 od 25.3.2016).

Со оваа Уредба се опфатени и оние оператори со храна кои произведуваат традиционални производи или користат традиционални методи на производство.

Во рамки на оваа уредба во **член 2** стои дека таа се однесува на субјектите кои се занимаваат со производство на храна во објекти од мал обем. Меѓудругото тука се пропишани максималните дозволени количини за производство на производи од **растително потекло**:

- Преработка на овошје и зеленчук до 30.000 килограми плодови годишно;
- Преработка на маслинки до 6.000 килограми годишно, или производство на масло до 500 литри годишно;
- Производство на вино и годишна преработка на грозје до 10.000 килограми годишно, односно 5.000 литри вино годишно;
- Производство на останати производи од неживотинско потекло каде годишната преработка изнесува до 3 тона суровина.

Оваа уредба се применува и на субјектите кои во процесот произведуваат традиционални производи или во текот на производството користат традиционални методи на производство.

Врз основа на Законот за безбедност на храна, донесена е „**Уредба за барањата за хигиена кои треба да ги исполнат објектите и просториите во кои се произведуваат мали количини приамрни производи наменети за човечка исхрана"** (Uredba Zahtjevi higijene za objekte i prostorije u kojima se proizvode male količine primarnih proizvoda za ishranu ljudi; Službenom listu Crne Gore br. 59/16).

Во оваа Уредба покрај барањата за хигиена кои треба да ги исполнат објектите се опфатени и посебните барања за хигиена на примарните производи, видовите на примарни производи кои се предемет на уредување и дозволените максимални количини за производство на примарни производи. Примарните производи може да се продаваат на местото каде се произведени, на саеми, пазари и локлани малопродажни обејкти односно продавиници и угоститлски објекти.

Притоа според оваа Уредба за „локален пазар“ се смета целата територија на Црна Гора каде може да се продаваат мали количини на примарни производи.

Во однос на максималните количини на производи од растително потекло во оваа уредба има две категории и тоа:

- Мал производител кој може да преработи најмногу до 50 килограми овошје, зеленчук и житарици дневно, во посебна просторија која е дел од станбениот простор
- Мал производител кој може да преработи повеќе од 50 килограми овошје, зеленчук и житарици дневно, во посебен објект кој е во склоп на земјоделското стопанство (фарма)

Понатаму врз основа на член 39 од Законот за земјоделство и рурален развој (Zakona o poljoprivredi i ruralnom razvoju („Službeni list CG”, br. 56/09, 34/14 i 1/15)) МЗРР во согласност со Министерството за здравство го донесе **„Правилникот за минимални услови за квалитет на овошен џем, желе, мармалад, пекмез и засладено костеново пире“** кој стапи во сила на 1 јануари 2017 година (Pravilnik o minimalnom kvalitetu vocnih dzemova, zelea, marmalada, pekmeza I zasladenog kesten pirea). Оваа уредба е усогласена со Директивата на советот 2001/113/ЕК.

Во однос на контролата треба да се земи во предвид **„Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на храната од неживотинско потекло и храната од неживотинско потекло наменета за исхрана на животни“** (Pravilniku o načinu vršenja službene kontrole hrane neživotinjskog porijekla i hrane za životinje neživotinjskog porijekla (“Službeni list CG”, br. 18/17, 43/17 i 21/18)). Овој правилник е усогласен со поголем број на регулативи и директиви на ЕУ.

Заклучок:
Министерството за земјоделство и рурален развој е одговорно за креирање на национални политики како по однос на развој на земјоделскиот сектор така и по однос на безбедност на храна.
Доста слично како и кај останатите балкански држави црногорското земјоделство се карактеризира со традиционално производсто што е одлика за малите земјоделски обработливи површини кои во просек имаат големина до 5 хектари.
Во крајбрежната област доминира производството на овошје и маслинки. Производството на житни култури е многу ограничено. Централниот дел на земјата се карактеризира со производство на зеленчук, компир, тутун, како и грозје и производство на вино. Виното е најголемиот извозен производ во прехранбениот сектор. Северните области на Црна Гора се планински и се карактеризираат со фарми кои одгледуваат добиток, главно говеда, овци и кози.
Генералниот заклучок по однос на националните законски акти е тоа што тие се доста едноставни, кратки и концизни и не создаваат дополнителни забуни. Реалното согледување на главните движечки области во земјоделството и прехранбениот систем во Црна Гора, создава услови за креирање на закони, правилници и уредби кои се во поддршка на овие сектори.
Црна Гора во голем дел има направено усогласување на националното законодавство со регулативите и директивите на ЕУ.

Случај 3. Хрватска

Со пристапувањето на Република Хрватска во Европската Унија, регулативите на ЕУ од областа на безбедноста на храната станаа директно применливи. Затоа, Република Хрватска подготви општа законска рамка во оваа област со цел олеснето спроведување на регулативите на ЕУ и обезбедување на правна основа за донесување на прописи, уредби и упатства што треба исто така да придонесат за правно спроведување на обврзувачките акти на ЕУ.

Надлежни органи за воспоставување и спроведување на политиката за безбедност на храна се Министерството за земјоделство и Министерството за здравство. Министерството за земјоделство, или конкретно управата за ветеринарство и безбедност на храна, е одговорно за координација на службените ветеринарни инспекциски контроли и претставува контакт институција со Европската Комисија. Покрај безбедноста на храната, Министерството за земјоделство, односно управата за земјоделски активности и прехранбената индустрија

(земјоделски инспкеции), е надлежен орган за политиките кои се однесуваат на благосостојба на животните и безбедноста на примарните растителни производи и останатите земјоделски активности.

Министерството за здравство, односно управата за санитарна инспекција, е одговорно за воспоставување и спроведување на политика за безбедност на храната но од аспект на следните области: безбедноста на предметите и материјалите што доаѓаат во директен контакт со храна; загадувачи во храна, освен пестициди; адитиви за храна, ароми прехранбени ензими итн. Министерството за здравство ги спроведува и санитарните инспекциски контроли.

Останата и независна институција во чија надлежност е да осигура дека храната наменета за човечка исхрана и добиточната храна се безбедни за консумација е Хрватската Агенција за храна. Оваа агенција обезбедува научна и техничка помош, кои се неопходни за успешна примена на законските прописи. Агенцијата од друга страна не е одговорна за официјалните контроли на терен.

Спроведувањето на ЕУ регулативи е направено преку пет закони:

1. Закон за храна (Zakon o hrani („Narodne novine", br. 81/13)),
2. Закон за хигиена на храна и микробиолошки критериуми за храна (Zakon o higijeni hrane i mikrobiološkim kriterijima za hranu„ Narodne novine", br. 81/13 i 14/14),

   Усогласено со: Регулатива (ЕК) 852/2004; Регулатива (ЕК) 2073/2005 и останати прописи.
3. Закон за ветеринарство (Zakon o veterinarstvu („Narodne novine", br. 82/13 i 148/13)),

   Усогласено со: Регулатива (ЕК) 853/2004 и Регулатива (ЕК) 854/2004, и останати прописи.
4. Закон за службени контроли кои се спроведуваат во согласност со прописите за храна и добиточна храна за животни и благосостојбата на животните (Zakon o službenim kontrolama koje se provode sukladno propisima o hrani, hrani za životinje, o zdravlju i dobrobiti životinja („Narodne novine", br. 81/13 i 14/14)

   Усогласено со: Регулатива (ЕК) 882/2004, и останати прописи.
5. Закон за информирање на потрошувачите (Zakon o informiranju potrošača o hrani („Narodne novine", br. 56/13 i 14/14).)

   Усогласено со: Регулатива (ЕУ) 1169/2011.

Законот за храна во целост го обезбедува спроведувањето на Регулативата (ЕЗ) бр. 178/2002 и другите релевантни регулативи.

Во поглед на производите од растително потекло, а во рамки на **Правилникот за регистрација на субјектите и регистрација и одобрување на објектите кои произведуваат храна (Pravilnik o registraciji subjekata te registraciji i odobravanju objekata u poslovanju s hranom (Narodnim novinama br. 84/15)),** со кој се уредуваат посебните услови за регистрација и одобрување на сите субјекти кои произведуваат и дистрибуираат храна, како и посебните хигиенски услови и условите кои треба да ги исполнат објектите наменети за производство на мали количини примарни животински производи, во предвид треба да се земат следните глави и членови:

Глава III - Посебни одредби за субјектите кои произведуваат храна и објектите кои подлежат на санитарна инспекција.

Постајката на санитарна инспекција е во надлежност на Министерството за здравство, односно управата за санитарна инспекција.

Член 35 субјекти кои подлежат на регистрација: Сите субјекти кои произведуваат храна и се опфатени со Законот за службени контроли кои се спроведуваат во согласност со прописите за храна и добиточна храна за животни и благосостојбата на животните, а се во надлежност на санитарната инспекција се должни да се регистрираат

Член 36 субјекти кои треба да се регистрираат:

став 1: Производителите и преработувачите на храна од неживотинско потекло и / или храна која содржи состојки од неживотинско потекло и преработени состојки од животинско потекло.

став 5: субјектите кои вршат извоз и дистрибуција на храна од неживотинско потекло која содржи состојки од неживотинско потекло и преработени состојки од животинско потекло

Член 37 субјектите кои не треба да се регистрираат:

став 2: земјоделско семејно стопанство кое продава примарни производи на местото на производство, на штандови и тезги на мало, на штандови и тезги кои не се на мало, како и на штандови и тезги кои се во склоп на трговските центри и останатите маркети

Член 40

став 1: Субјектите кои произведуваат храна се должни да докажат дека во објектот во кој се врши производство на производи наведени во член 36 од овој правилник, се исполнуваат општите барања за производство за храна.

Глава IV - Посебни одредби за објекти на разни примарни производи кои подлежат на земјоделска инспекција

Министерството за земјоделство, односно управата за земјоделски активности и прехранбената индустрија ги спорведува земјоделски инспкеции.

Член 44 регистрација на субјекти:

став 1: Субјектите кои произведуваат храна, односно разни примарни растителни производи, се должни да се регистрираат (внесат) во Регистарот за земјоделски стопанства, како што е наведено во Законот за земјоделство.

став 2: Во рамки на овој правилник, доколку овие субјекти се внесени во регистарот на земјоделски стопанства, се смета дека се регистрирани.

став 3: Министерството за земјоделство е одговорно за Регистарот на земјоделски стопанства, доколку пак сите процедури на одржување и водење се во надлежност на Платежната агенција за земјоделство, рибарство и рурален развој, согласно одредбите од законот за земјоделство

Заклучок:
Со самиот влез на Хрватска во ЕУ се направи целосно усогласување на националното законодавство со Европските регулативи. Тоа за Хрватска значеше не само усогласување туку и целосна примена. Секако секоја земја која е членка на ЕУ има можност да донесе национални закони со кои би се уредувале одредени области. Во споредба со Србија и Црна Гора, во Хрватска не постои посебен правилник за производство и дистрибуција на мали количини на примарни производи од животинско потекло. Одредени и минимални услови за вакви оператори со храна се среќаваат во Правилникот за регистрација на субјектите и регистрација и одобрување на објектите кои произведуваат храна во Глава III и Глава IV.
Она што е важно и треба да се потенцира дек Хрватска во голема мера им дава значење на регионалните автохтони производи како алатка за развој на регионите но и можност за зачувување на традиционалните производи и методи за производство. Во оваа земја во голема мера се користат европските политики за квалитет, од кои се усвоени и прилагодени и национални закони. Кога се зборува за политиките за квалитет се мисли на Заштитена ознака за потекло (ЗОП), Заштитена географска ознака (ЗГО) и Гарантиран традиционален специјалитет (ГТС). Доказ за тоа се бројот на регистрирани производи (вино, преработени производи и алкохолни пијалаци), кој на страната на Европската Унија „еАМБРОСИА“ која служи како дата база на сите регистрирани производи од земјите членки во ЕУ но и некои кои ги имплементираат овие политики[11]. Хрватска има регистрирано вкупно 46 производи од сите категории, а за 10 веќе има аплицирано и се чека одобрување. Важно да се потенцира дека поголем голем број од заштитените производи се од растително потекло. Самото тоа што овие производи се заштитени значи дека за нивно производство постојат објекти со минимални услови кои се регистрирани и во кои се врши производство на производи со висок квалитет.

19 https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/food-safety-and-quality/certification/quality-labels/geographical-indications-register/#

3. Стратегии и програми за поддршка на малите бизниси со храна

3.1. Реформите на Заедничката земјоделска политика на Европската Унија

Европската политиката за рурален развој има за цел да се подобри: конкурентноста на земјоделството и шумарството; квалитетот на животната средина; животот во руралните средини; и диверзификацијата на руралните економии. Во последните неколку години земјоделскиот сектор во голема мера се модернизираше и тоа како резултат на забрзаниот раст на индустријата што предизвика земјоделството да не биде релевантен сектор кој создава можности за вработување. Како резултат на тоа, денес **креаторите на европските политики стават се поголем акцент на** улогата на **малите земјоделски стопанства** што може да ја имаат во однос на руралниот развој, шумарството, биолошката разновидност, заштитата на животната средина и диверзификацијата на руралната економија која придонесува за создавање на алтернативни работни места во руралните средини.

Пред околу десетина година во рамки на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП), се правеа чести реформи со обид земјоделскиот сектор да се модернизира и да биде поинтензивно ориентиран кон пазарот. По скоро две години преговори помеѓу Европската Комисија, Европскиот Парламент и Советот, на 26 јуни 2013 година беше постигнат политички договор за реформа на ЗЗП. Реформите беа насочени кон подобрување на следните теми и програми: спроведувањето на директните плаќања да биде праведно и „зелено“ ориентирано, да се зајакне позицијата на земјоделците во рамки на производниот ланец на храна, како и креирање на поефикасна и потранспарентна ЗЗП која истовремено ќе одговори на предизвиците од аспект на безбедност на храна, климатските промени и ќе придонесе за зголемување на бројот на вработени особено во руралните области. Со тоа ќе и се помогне на ЕУ да ги постигне нејзините цели преточени во програмата „Европа 2020“ кои се однесуваат на креирање паметен, одржлив и инклузивен раст.

За да се исполнат сите овие предизвици е неопходно да се спроведуваат постојани истражувања и анализи за различните структури на фармите со цел обезбедување навремени и релевантни податоци кои ќе помогнат во утврдувањето на степенот на примена на овие политики. Овие истражувања утврдија дека постои голема разлика помеѓу малите семејни фарми, фарми со повеќе деловни активности и големите кооперативни фарми кои се слабо специјализирани и зависат од големи капитални инвестиции наменети за механизација. Со цел промена на оваа ситуација, некои земји членки на ЕУ во голема мера ги

поддржуваат малите фарми и тоа преку конкретни мерки како на пример: консолидација на земјоделското земјиште, регулирање на продажната цена на обработливите земјоделски површини, измени во оданочување во корист на малите или семејни фарми (на пример намалување на данок на имот), мерки што го олеснуваат кредитирањето на малите фарми.

3.2. Резолуцијата на Европскиот Парламент

На 4 февруари 2014 година Европскиот Парламент ја донесе резолуцијата[20] на земјоделската политика насочена кон поддршка на малите семејни фарми. Основата за донесување на една ваква **резолуција е креирана врз основа на** неколку **документи, регулативи и анализи** меѓу кои:

- Земајќи го за релевантен членот 39 од Договорот за работата на Европската Унија и имајќи ги во предвид целите на Заедничката земјоделска политика кои се однесуваат на: зголемување на „земјоделската продуктивност“ преку промовирање на техничкиот напредок и обезбедување еднаков развој на земјоделското производство; оптималното искористување на факторите на производство, особено „работната сила“ и обезбедување на „еднакви животни стандарди на сите лица вклучени во земјоделскиот сектор“ преку зголемување на индивидуалниот месечен приход;
- Имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 1305/2013 на Европскиот Парламент и Советот од 17 декември 2013 година за поддршка на руралниот развој од страна на Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (ЕЗФРР) и укинување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 1698 / 2005 година;

Имајќи го во предвид соопштението на Комисијата од 3 мај 2011 година под наслов „Нашето животно осигурување, нашиот природен капитал: Стратегија за биолошка разновидност на ЕУ до 2020 година” (**COM(2011)0244**);

Имајќи ја предвид резолуција од 7 септември 2010 година која е наловена „фер приходи за земјоделците: подобро функционирање на синџирот на храна во Европа”,

Имајќи ја предвид анализата за 2013 година на тема „Полу егзистенционално земјоделство: вредност и насоки за развој”, изготвена од страна на Одделот за политика на Европскиот Парламентот (структурни и кохезивни политики);

Имајќи го предвид извештајот на Комисијата за земјоделство и рурален развој (**A7-0029/2014**).

Од горенаведените наведените документи, регулативи и анализи произлегуваат следните заклучоци:

A. Малите земјоделски стопанства во Европа подлежат на постојан демографски, комерцијален и технолошки притисок, што доведува до постепено напуштање на руралните средини и депопулација на селата а со тоа се се повеќе ретки малите сточарски стопанства, а локалните растителни сорти се заборавени и не се одгледуваат;

B. Овие земјоделски стопанства претставуваат „социјален“ модел кој се уште е најзастапен во ЕУ и кој може, но и мора да е во постојана кохезија со другите сеопфатни и пазарно ориентирани модели на земјоделство;

C. Малите земјоделски стопанства не се ориентирани само кон обемот на производство, туку тие играат важна улога во испораката на „јавни добра“; се доста важни за зачувувањето на природните ресурси и живописноста на селата, имаат социјална улога особено во процесот на намалување на степенот на невработеност и сиромаштија во Европа притоа заменувајќи го индустрискиот сектор како единствена опција за вработување; придонесуваат за зачувување на културното наследство, традициите, обичаите и секако производството на традиционални производи;

D. Депопулацијата и руралниот егзодус негативно влијаат врз животните условите на руралната популација, а со тоа и на квалитетот на животот и работните услови на земјоделците; доста често се и пресуден фактор за задржување или напуштање на малите земјоделски стопанства; затоа од големо значење е да се создадат подобни и

20 European Parliament resolution of 4 February 2014 on the future of small agricultural holdings (2013/2096(INI))

одржливи програми особено за младите фармери кои претставуваат движечка сила во заживувањето на руралните средини а со тоа и на малите земјоделски стопанства;

E. Пазарните цени се често нестабилни а таа ситуација често се влошува како резултат на посредничките купувачи кои диктираат свои повисоки цени, притоа искористувајќи ја слабоста на производителот;

F. Малите земјоделски стопанства се „специјализирани“ односно насочени кон еден вид на производство, па како резултат на тоа тие најчесто се здружуваат во најразлични форми меѓу кои и организации на производители, со што им се создава можност за еднаков пристап на пазарот „рамо до рамо“ со големите фарми;

G. Малите стопанственици често имаат проблеми со пристапот до фондови за поддршка, или конкретно до европските програми за финансиска поддршка, пред се како резултат на не исполнувањето на критериумите или како резултат на нискиот кредитоспособен статус;

H. Дополнителната заработка е од големо значење за малите земјоделски стопанства;

I. Во поголемиот број на случаи малите стопанственици не добиваат доволно административна поддршка ниту пак квалитетни совети, а од друга страна некои од земјите членки на ЕУ креираат дополнителни „бариери“ и непотребни бирократски ограничувања, со што голем број на мали стопанственици немаат потребни финансиски ресурси или искуство за ефикасно спроведување на бараните административни процедури;

J. Малите земјоделски стопанства и целокупниот земјоделски сектор имаат значајна улога во економската одржливост и животот во тешко пристапните средини како што се високите планински области и средините со географски или економски ограничувања

K. Приходот на малите земјоделски стопанства е доста понизок од оној на комерцијалните фарми или земјоделците кои се вработени во други економски сектори;

L. Не постојат на релевантни информации за состојбата на малите земјоделски стопанства како и за примената на одредени програми кои произлегуваат од Заедничката земјоделска политика; како и различноста во дефинирањето на мали фарми од земја до друга земја (во рамки на ЕУ) создава дополнителни проблеми.

Кога ќе се сублимираат извадоците од регулативите, анализите и поважните документи како и заклучоците кои произлегуваат од истите, се создава можност за дефинирање на конкретни активности, предлози и одлуки:

1. Се повикуваат земјите членки на ЕУ и Комисијата да преземат соодветни активности согласно новата Заедничка земјоделска политика и да изготват упатства за нејзино споредување за периодот кој следува, со што би се посветило поголемо внимание на специфичните потреби кои ги имаат малите семејни фарми, кои се важен елемент од европскиот земјоделски систем и кои се клучни за мултифункционалниот развој на руралните области и постигнувањето на одржлив регионален развој;

2. Неопходно е креирање на политика и стратегија за поддршка на програмата „консолидација на земјоделските површини“, преку директни плаќања за малите фармери кои во целост се нафатиле да бидат дел од оваа програма со цел подобрување на производниот капацитет;

3. Неопходно е да се изгради став дека малите земјоделски стопанства не претставуваат никаква закана или пак конкуренција на големите компании или комерцијални фарми. Притоа се повикуваат земјите членки на ЕУ да изнајдат соодветни решенија и модели за поддршка на малите фарми кои би се засновале на земјоделските карактеристики на секоја земја поединечно, со што би се создале услови за нови вработувања во земјоделскиот сектор, би се подобрила нивната конкурентност и би се намалил степенот на депопулација на руралните средини;

4. Се препорачува поголема поддршка на директната продажба или продажбата на традиционални производи, како и поддршка на локалниот и регионалниот пазар. Се охрабруваат Комисијата и земјите членки уште еднаш подетално да ги разгледаат постојните политики и барања за безбедност на храна со цел отстранување на

пречките и ограничувањата со кои се соочуваат малите производители особено во процесот на производство, дистрибуција и продажба на храна. Се охрабруваат Комисијата и земјите членки да креираат платформа преку која ќе се овозможи размена на најдобри практики за тоа како да се регулираат и следат малите земјоделски стопанства. Покрај тоа се повикуваат и регионалните и националните власти да бидат поактивни во развојот и примената на директна продажба, со што на потрошувачите ќе им се обезбеди пристап до безбедни, високо квалитетни и евтини земјоделски производи;

5. Од многу големо значење е донесувањето на европските регулативи да биде во кохезија со ЗЗП, со што би се постигнала техничка и инфраструктурна поддршка во руралните средини. Неопходно е средствата од Европскиот социјален фонд да бидат наменети за социјална инклузија особено на населението во руралните средини, за едукација и пренос на знаења.
6. Се повикуваат земјите членки на ЕУ или конкретно регионалните и националните надлежни институции да креираат соодветни инструменти за финансиска поддршка во форма на микро кредити, субвенции кои ќе бидат насочени кон покривање на ратите за кредит, олеснет финансиски лизинг или пак гарантирани предвремени исплати;
7. Се препорачува да се пропишат конкретни прилагодувања и отстапувања за малите производители во однос на условите и обврските кои произлегуваат од добрата земјоделска пракса како и регулативите кои се однесуваат на заштитата на консументите. Притоа Комисијата и земјите членки треба да ги загарантираат и прилагодат овие минимални услови во поддршка на малите производители;
8. Неопходно е да се креираат канали и служби за бесплатни и стручни совети кои ќе бидат ориентирани според потребите на малите производители а ќе овозможат лесен пристап до информации, тренинзи насочени кон проценка на ризикот во сопствените производни капацитети. Исто така се нагласува и потребата од едукативни и информативни кампањи;
9. Треба да се потенцира и значењето на формирањето на организациите на производители или на кооперативите, со што преку едукативни кампањи ќе се покрени свеста од полесниот пристап до фондови и останати поддршки за развој кои би биле на европско или национално ниво;
10. Креирањето на стратегии за долгорочна поддршка на малите производители е од големо значење како по однос на поддршката за континуирана работа во руралните средини така и за воспоставувањето на балансирана вредност помеѓу трошоците за производство и цените на земјоделските производи;

3.3. Национални програми за поддршка

Достапните податоци кои се потребни за социо-економската карактеризација на руралните области во Македонија се ограничени, а сликата е некомплетна.

Во 2002 година УНДП, Државниот завод за статистика и Министерството за локална самоуправа извршија социо-економско мапирање на разликите меѓу општините во Македонија и означија шест зони врз основа на концентрацијата на население на територијата на земјата: зони со слаба концентрација (до 50 жители на квадратен километар), зони со средна концентрација (51-100 жители на квадратен километар), пренаселени зони (101–150 жители по квадратен километар), значително пренаселена зона (151–500 жители по квадратен км), многу значително пренаселена зона (501–1.000 жители на квадратен км) и екстремно пренаселена зона (над 1.000 жители по квадратен км). Во 2002 година, речиси половина (61) од општините спаѓаа во групата на зона со слаба концентрација, 26 општини имаа средна концентрација, 7 беа пренаселени, 19 значително пренаселени, 4 многу значително пренаселени и 6 општини имаа над 1.000 жители од км^2.

Македонија, согласно проценките на ДЗС вкупниот број на население во 2017 година изнесува 2.075.301 жители, а густината на населението во 2017 година изнесува 83,3 жители/km^2. Голем дел од селските населени места или се депопулирани или имаат изразито мал број на жители и поради неповолната старосна структура постои ризик да останат без ниеден жи-

тел. Согласно критериумите кои се дефинирани во Список на рурални средини и рурални заедници вкупната рурална област покрива 88,7% од територијата на Македонија (вклучувајќи 62 општини), каде што живеат 985.000 граѓани или 47,5 % од вкупното население.

Вообичаен метод, кој се користи за спроведување на политиката за рурален развој, претставува дефинирањето на рурални средини, лоцирани во урбаните места и карактеризирани со трите главни карактеристики:

-населби лоцирани во општини основани во рурални центри (рурални општини),

-населби ситуирани во општини основани во градски центри со предоминантни системи за користење на земјоделски и шумски земјишта (урбано наспроти земјоделско земјиште, вклучувајќи шуми, пасишта, мочуришта, бари) и

-градови со популација помалку од 30.000 жители со предоминантни системи за користење на земјоделски и шумски земјишта (урбано наспроти земјоделско земјиште, вклучувајќи шуми, пасишта, мочуришта, бари) и имаат рурален идентитет на заедницата.

Образование во руралните средини

Образовниот систем секако игра важна улога во способноста на младите луѓе за вреднување на локалните производи и локалната традиција. Квалитетот на образованието и доживотното учење може да ги намали нееднаквостите меѓу урбаните и руралните средини кои се големи во Македонија. Ситните земјоделци (особено во областите кои заостануваат) имаат најниско образовно и професионално ниво меѓу земјоделските производители. Во државата, покрај формалното средно и универзитетско образование, постои недостаток од дополнително (неформално) образование и обука за земјоделците. Ниската стапка на образование во руралните области се должи на: „иселување на младо и способно население за работа, недостаток или мал број на образовни институции, недоволно грижа за подобрување на училишно образование на младото население, изолирање на неразвиените села и сл.”

Вработување во земјоделството и руралните средини

Работната сила во земјоделството во Македонија главно се состои од труд на ниво на индивидуално земјоделско стопанство. Статистички, вработувањето во земјоделството се следи преку официјалните податоци за вработеност во земјоделските претпријатија и прехранбените капацитети и преку испитување на примерок на домаќинства-истражување на работна сила односно согласно методолошките препораки на Меѓународната организација на трудот (ИЛО) и препораките на Еуростат - Европско статистичко биро. Вработувањата во земјоделството, исто така, во голема мерка се сезонски и помагаат да се ублажи сиромаштијата и невработеноста. Споредбата на исклучително земјоделски домаќинства, мешани домаќинства (ангажирани во земјоделството на приватните имоти и каде што најмалку еден член од семејството е вработен вон земјоделството) и домаќинства без земјоделски имоти, покажува дека мешаните домаќинства имаат највисоки приходи, а потоа доаѓаат земјоделските домаќинства. Неземјоделските рурални домаќинства се најсиромашни. Студиите покажаа тренд кон диверзификација на неземјоделско вработување како резултат на економската потреба и потврдуваат позитивна корелација меѓу приходот и бројот на неземјоделски дејности во кои се ангажираат домаќинствата.

Директна поддршка

Мерките за рурален развој ги придружуваат и се комплементарни на мерките на директна поддршка (пазарни политики и поддршка на приходот од земјоделска активност) и се надоврзуваат на досегашната поддршка за рурален развој обезбедена преку годишните програми за рурален развој. Земајќи ја предвид анализата на состојбите во земјоделството и секторските развојни потенцијали, како и специфичните потреби за развој на руралните средини, мерките за спроведување на политиката за рурален развој приоритетно се насочени кон зголемување на конкурентската способност на земјоделско прехрамбениот сектор и јакнење на економската и социјалната позиција на руралните подрачја преку зголемување на приходите на земјоделските стопанства, зголемување на можноста за вработување на руралната популација надвор од земјоделската дејност. Посебен осврт се дава и на воведување на мерките за одржливо стопанисување и искористување на природните ресурси, заштита на биодиверзитот и животната средина.

подмерка	Има на подмерката / критериум 2017	Има на подмерката / критериум 2018
1.1	***Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури со искучок на тутун***	
Разлика во поблиските критериуми и висината а поддршката	1.За сите поледелски култури (без користење на сертифициран семенски материјал): 6.000ден/ха со исклучок на оризот-18.000 ден/ха и за пченицата од 0.3-10 ха-12.000 ден/ха; од 10-50 ха- 7.200 ден/ха; од 50-100 ха -3.600 ден/ха и над 100-1.200 ден/ха)	1.за сите поледелски култури (без користење на сертифициран семенски материјал)-6.000 ден/ха
	2.За сите поледелски култури (со користење на семенски материјал) -12.000 ден/ха со исклучок на пченица (до 10 ха-18.000 де/ ха; од 10-50 ха -13.200 ден/ха; од 50-100 ха-9.600 ден/ха; над 100 ха-7.200 ден/ха) и за оризот (24.000 ден/ха)	2.за сите поледелски култури (со користење на сертифициран семенски материјал) во зависност од големината на земјоделската површина: од 0.3-5 ха-12.000 ден/ха; од 5-50 ха -14.400 ден/ ха и над 50ха-12.000ден/ха
	3.Поддршката се намалува со зголемувањето на површината за секоја култура одделно, со исклучок на пченицата: -од 0,3 ха до 10 ха 100% -од 10 до 50 ха 60% -од 50 до 100 ха 30% и -над 100 ха 10%.	3.Поддршката се намалува со зголемувањето на површината збирно за сите култури: -од 0.3 ха до 20 ха за 100%; -од 50 до 100 ха 30% и -над 100 ха 20%
1.3.	***Дополнителни директни плаќања од подмерка*** 1.1. ***за обработлива земјоделска површина со добиточна храна***	
Разлика во поблиските критериуми и висината на поддршката	1. за јачмен, рж, овес, тритикале, сирак, просо, соја, маслодајна репка, добиточна репка, граор, еспарзета, добиточен грашок, за засеана или одржувана површина со луцерка-1.100 ден/ха, со исклучок на пченката со сертифициран семенски материјал и примена на систем за наводнување- 3.000 ден/ха	1. во зависност од големината на земјоделската површина висината на поддршката е следна: од 0.3 до 5 ха и над 50 ха-1.000 ден/ха и од 0.5 до 50 ха-3.000ден/ха
1.4.	***Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед, ориз и афион***	
1.4-а.	Нема дополнителна мерка	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за произведена и предадена оризова арпа во регистрирани откупувачи за количините кои се произведени и предадени во период од 1 октомври до 25 декември 2018 година, кои не надминуваат 5,5 тони по хектар; -Висината на директните плаќања

1.5.	***Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеницук***	
Разлика во поблиските критериуми и висината на поддршката	1.Сите градинарски култури 33.000 ден/ха, со исклучока на лубеница, диња и тиквичка каде изнесува 6.600 ден/ха;	1.Во зависност од големината на земјоделската површина висината на поддршката е следна: -од 0,2 до 0,7 хектари и над 5 ха -30.000 ден/ха, со исклучок на лубеница, диња и тиквичка каде од 0,2-1,5 ха и над 5 ха изнесува 6.000 ден/ха -и од 0,7 до 5 ха-36.000 ден/ха, со исклучок на лубеница, диња и тиквичка каде од 1,5-5 ха изнесува 6.600 ден/ха
	2.Висината на поддршката се намалува во зависност од големината на пријавената површина и тоа: од 0,2 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% за секоја култура одделно.	2.Не се намалува висината на поддршката
1.6.	***Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе***	
Разлика во поблиските критериуми и висината на поддршката	Висина на поддршка-90.000 ден/ха	Висина на поддршка-99.000 ден/ха
1.7.	***Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети***	
Разлика во поблиските критериуми и висината на поддршката	За сите градинарски култури 1,5 ден/кг, со исклучок на пиперки и корнишони -3,0 ден/кг.	За сите градинарски култури 3,0 ден/кг, со исклучок на домати за кои изнесува 7,0 ден/кг за производство предадено во период од 27 јуни до 15 јули 2018 година
1.10.	***Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9 за овошни култури предадени во преработувачки капацитет***	
Разлика во поблиските критериуми и висината на поддршката	Висината на директните плаќања изнесува 2,00 ден/кг., освен за корисниците кои имаат засадени површини со праски и имаат остварено и предадено производство во преработувачки капацитети за овошје во земјата или во странство, директно или преку еден регистриран откупувач по откупна цена не повисока од 5 денари по килограм, во период од 12 јуни 2017	*Висината на директните плаќања изнесува 3,00 ден./кг., освен за земјоделски стопанства кои произвеле сливи за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и истите се превземени во сопствениот преработувачкиот капацитет во период од 15 август до 15 септември 2018 година, за кои висината на директните плаќања изнесува 5,00 ден./кг.

3.3.1 Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година[21]

Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се спроведува преку доделување на неповратна финансиска поддршка за инвестиции, која се доделува во вид на финансирање и кофинансирање на вредноста на преземени и реализирани инвестиции, исто така и за нематеријални вложувања, согласно прифатливите трошоци и висината на поддршка по корисник. Програмата се спроведува преку мерките за рурален развој:

- 111 Обука за информирање на земјоделските производители
- 112 Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност
- 113 Поддрчка за поттикнување во земјоделското производство
- 115 Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство
- 121 Инвестиции во модернизација на земјоделските стопанства
- 122 Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите
- 123 Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи
- 124 Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството
- 131 Економско здружување на земјоделските стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност
- 211 Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност
- 213 Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики
- 214 Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток
- 215 Органско производство
- 321 Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини
- 322 Обнова и развој на селата
- 323 Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја
- 413 Реализација на стратегии за локален развој на руралните средини
- 431 Поттикнување на локален развој на руралните средини

3.3.2. Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството се обезбедуваат од Буџетот на РМ. Програмата се спроведува преку мерките:

1. Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства

- Директни плаќања за растително производство
- Директни плаќања за сточарско производство

Директните плаќања се мерка за поддршка на доходот на земјоделските стопанства, а се исплаќаат по површина на земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток.

2. Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)

- Помош во премии и осигурување
- Помош за заштита на земјоделското земјиште

21 Рурален развој - Програма http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

- Помош за одделни категории носители на земјоделското стопанство
- Помош во сточарскиот сектор
- Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2020
- Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација
- Материјални трошоци за спроведување на програмата
- Заостанати обврски по мерки од програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2012 до 2019 година.

Компонентата за рурален развој (ИПАРД) е петтата компонента од ИПА. Таа придонесува за одржливо приспособување на земјоделскиот сектор и на руралните предели, како и за подготвувањето на земјите-кандидати за спроведување на законодавството на Европската унија во врска со Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) и сродните политики. Компонентата за рурален развој ги поддржува земјите-кандидати во развивање на политики, како и во подготовки за спроведување и за управување со ЗЗП на Унијата.

ИПАРД програмата претставува збир на мерки за спроведување на политиката за рурален развој која се стреми кон зголемување на конкурентноста и модернизација на земјоделското производство, постигнување на квалитетна и безбедна храна, усогласување со стандардите на Европската Унија за квалитет, здравје, безбедност на храната, здравјето на животните и животната средина, оддржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија. Програмата ја зголемува можноста за пристапување до финансиски средства за инвестирање во модернизацијата на економски одржливите земјоделски стопанства и прехранбената индустрија со цел да постигне согласност со минималните стандарди на Европската Унија.

Мерки кои се применуваат во ИПАРД Програмата:

Приоритетна област 2: Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини

-Диверзификација на економски активности во рурални средини вклучува поддршка на капитални инвестиции за воспоставување и јакнење на микро и мали претпријатија во рурални средини, занаетчиски дејности од областа на традиционално занаетчиство

-Промоција на рурален туризам преку инвестиции во создавање на капацитети со квалитетни услуги за рурално сместување, угостителство, кампирање со придружни рекреативни капацитети за зголемена туристичка понуда.

3.3.3. Политика за поддршка на руралниот развој

Политиката за рурален развој ги содржи сите елементи за поттикнување на развој преку модернизација и структурно прилагодување на земјоделско-прехрамбениот сектор како и поттикнување на економски активности за зачувување на природните, културните и развојните вредности на руралните подрачја, а кои се дефинираат во согласност со потребите, можностите и целите на ефикасна и ефективна политика. Преку политиката за рурален развој се остваруваат следниве приоритетни области за поддршка:

Приоритетна област 1: Зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор насочена кон промовирање на знаење и унапредување на човечкиот потенцијал во руралните средини, реструктуирање и развој на физичкиот потенцијал и промовирање на иновативни практики и подобрување на квалитетот на земјоделски производи преку поддршка на економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност.

Приоритетна област 2: Заштита и унапредување на животната средина и руралните предели е насочена кон промоција на земјоделски производни практики за одржлива употреба на земјоделско земјиште, заштита и унапредување на животната средина и руралните предели со цел за зачувување на растителната и животинската разновидност и унапредување на почвата, водата и воздухот.

Приоритетна област 3: Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини вклучува поддршка на капитални инвестиции за воспоставување и јакнење на микро и мали претпријатија во рурални средини, капитални инвестиции во рурална инфраструктура за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини и обезбедување на поддршка за обука и информирање на физички и правни лица кои вршат дејност во руралните подрачја.

Приоритетна област 4: Поттикнување на локален развој на рурални средини се спроведува преку мерките наменети за поддршка на реализација на стратегии за локален развој на рурални средини кои предвидуваат спроведување на мерки согласно со овој закон, реализација на стратегии за рурален развој на единиците на локална самоуправа со седиште во рурална средина и работата на локалната акциона група за развој на руралните средини и за вклучување на жителите на територијата на ЛАГ за развој на руралните средини.

Земјоделството (заедно со шумарството и рибарството) е третиот најголем економски сектор по секторот на услуги и индустријата во Република Македонија. Во следниот среднорочен период, македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор и релевантните институции, по своите перформанси, организација и развој треба значително да се приближат кон нивото определено со стандардите дефинирани во регулативите од Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ кои во процесот на пристапување кон ЕУ претставуваат најтешко и најсложено поглавје од преговарачкиот процес. Следејќи ги националните интереси, реалните состојби и потребите во секторот,реформите кои ќе се имплементираат преку три главни области: **реформи на политиката, институционални реформи и реформи на правната регулатива**, ќе ја имаат предвид и потребата за ублажување на негативните ефекти со кои ќе се соочи дел од земјоделското и рурално население во текот на интезивниот процес на прилагодување кон сложените европски стандарди.

СОСТОЈБИ ОД ТЕРЕН, МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ

4. Искуства од терен на Слоу Фуд Македонија

Слоу Фуд македонија во текот на 2018 година спроведе теренско истражување за заинтересираноста на производителите во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија за заштита на нивните производи со некои од ознаките за квалитет.

Истражувањето беше планирано и спроведено во рамките на проектот: „Од нива до маса - Канализирање на проблемите на фармерите преку документи со ставови и други пишани форми“, финансиран од грантовата програма: „Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за одржливо земјоделство во Западен Балкан“.

Целта на истражувањето беше да се интервјуираат 30 фармери од мал обем во Југоисточниот регион во Македонија и да ги опишат нивните проблеми и очекувања, како и нивниот интерес и мотивација за заштита на нивните производи со ЗОП, ЗГО или ГТС.

Прашалникот беше дизајниран во октомври 2017 година, а се фокусираше на следниве главни прашања:

- Вид на типични земјоделски производи од регионот и можностите што ги нуди регионот во однос на агро-прехранбените производи;
- Обемот на производството и големината на производителите;
- Пристап на производителите до фондови и национални програми за поддршка и информации за постојните земјоделски политики;
- Ниво на познавање на националната и политиката за квалитет на ЕУ (ЗОП, ЗГО и ГТС) и можностите за подобрување на нивната социо-економска состојба;
- Заинтересираноста на земјоделците да работат во групи - можности и предизвици.

За изработка на оваа анализа Во 2018 година се обработија 42 одговори на прашалникот.

Резултати добиени од анализата

Испитаниците беа земјоделци и занаетчиски или конвенционални преработувачи на храна од Дојран, Гевгелија, Богданци, Неготино, Струмица, Босилево, Конче, Валандово, Василево, Ново Село, Радовиш, како што првично беше планирано од проектниот тим. Најзастапени општини беа Струмица со 19% од испитаниците, Валандово, Радовиш и Богданци секој со 14% од испитаниците, а Дојран 10% од испитаниците. Мнозинството од испитаниците беа мажи (60%). Возраста на испитаниците варира помеѓу 24 и 67 години. Застапеноста на младите фармери беше прилично добра (24%), но повеќето од нив не оставија свои контакти за понатамошно учество во проектните активности. Главното земјоделско производство на испитаниците беше поврзано со растително производство и преработка. Повеќето од нив обработуваат неколку култури, главно овошје (25%) и зеленчук (23%), кои се типични за регионот.

Воглавно се одгледуваат следните овошки: јаболко, јапонско јаболко, калинка, киви, смокви, лубеници, круши, цреши, грозје, сливи, тикви, костени и др. Производството на зеленчук е фокусирано на пиперки, домати, зелка и раноградинарски култури. Производите се продаваат сурови или преработени. Најголем дел од испитаниците произведуваат џем (слатко) од различни овошја или р'чели од тикви. Главниот преработен производ од зеленчук на испитаниците е ајвар.

Главни земјоделски производи на испитаниците



Графикон 1. *Главни земјоделски производи (сурови или преработени), произведени од страна на испитаниците*

Речиси сите испитаници ги продаваат своите производи. Некои од нив го продаваат целото производство (71%), а останатите само дел од него (26%). Најголемиот дел од производите се продаваат на трговци, продавници и пазари на големо (44% од испитаниците) или директно до крајните потрошувачи (42%). Значителен дел од производителите (9%) ги продаваат своите производи во ресторани.



Графикон2. *Маркетинг канали на испитаниците*

Најголем дел од интервјуираните земјоделци (43%) не добиваат поддршка под никакви национални шеми за поддршка. 38% од испитаниците добиваат поддршка според следните шеми:

- Субвенции за органско производство;
- Осигурување за земјоделски производи;
- Директни плаќања;
- Рурален развој;
- ИПАРД;
- ИПА;
- Изложби и саеми

Испитаниците сметаат дека главните предности на Југоисточниот регион се поврзани со неговата поволна географска положба, климатските услови, плодноста на почвата и квалитетот на водата, што се предуслов за долготрајните земјоделски традиции и активности за преработка на храна. Чистата животна средина нуди можности за развој на органско производство во склад со природата и производство на здрава храна. Покрај тоа, испитаниците сметаат дека регионот има потенцијал за рурален и еколошки туризам.

Главни предности на регионот во однос на земјоделството и производството на храна



Графикон 3. *Главни предности на југоисточниот регион на Северна Македонија во однос на земјоделското и прехранбеното производство*

Дел од резултатите кои се наведени во рамки на оваа анализа говорат за тоа дека Југоисточниот регион е регион кој се карактеризира со производство на производи од растително потекло, има огромен потенцијал за развој на руралните средини и земјоделскиот сектор во целина.

Оан што сеуште во голема мера недостасува е директната поддршка на малите производители производители која би можела да биде форма на:

- Фокусирано работење (посредување и правна поддршка) со производители на традиционални производи во регионот заради создавање ефективна група производители на односно производ
- Обезбедување на техничка и посредничка помош на среден рок за групи производители во регионот, а со цел, развој на спецификацијата на производот, како и развивање на најдобриот опис на процесот на производство и географската област на потекло, вклучувајќи соодветна проценка на шемата за квалитет под која производите треба да бидат регистрирани (ЗОП, ЗГО или ГТС);
- Поддршка на групи производители во процесот на регистрација на нивните производни капацитети како и испраќање на препораки до надлежните институции да се намалат бирократските пречки и да се минимизира периодот за регистрација.

5. Президиуми на Слоу Фуд Македонија, проекти во поддршка на групи мали локални производители

Президиуми (еднина: Президиум), се активни проекти започнати од 1999 година, координирани од страна на Слоу Фуд Фондацијата за биодиверзитет, преку кои Слоу Фуд работи со групи на мали производители на кои им помага да ја зачуваат биолошката разновидност, зачуваат локалните средини и традиционалните знаења, одржливоста на производството на храна и етиката во процесот на производство и на пазарот, преку нивно здружување и заедничко решавање на проблемите со кои се соочуваат.

Проектот ги обединува изолираните производители и ги поврзува со алтернативни и достапни пазари кои повеќе ја разбираат нивната ситуација и ги ценат нивните квалитетни производи.

За еден производ, кој е веќе дел од листата на Арката на Вкусови, каталог на производи на кои им се заканува опасност од исчезнување, да стане Президиум од суштинско значење е да се направи директен контакт со производителите, кои за возврат мора да ги споделуваат Слоу Фуд вредностите и филозофијата и да се мотивираат за да го развијат проектот.

Президиумите можат да ги зачуваат:

1. Традиционалните производи на кои им се заканува опасност од исчезнување (производ од Арка на Вкусови);

2. Традиционални техники на производство на кои им се заканува опасност од исчезнување (на пр. риболов, одгледување, преработка или култивирање);

3. Рурални површини или екосистеми на кои им се заканува опасност од исчезнување.

За да се создаде Президиум потребно е секогаш да се исполнуваат два критериуми:

4. Еколошка одржливост (“чиста храна”)

5. Социјална и економска одржливост (“правична храна”)

ФАКТИ И БРОЈКИ ЗА ПРЕЗИДИУМИТЕ ВО СВЕТСКИ РАМКИ
1999 година е воспоставен и координиран проектот „президиуми“ од страна на Слоу Фуд Фондација за биодиверзитет
585 президиуми во светот
60 земји вклучени во овој проект
13.000 производители во презиидумите

5.1. Македонски Президиуми поддржани од Слоу Фуд Македонија

Слоу Фуд Македонија од 2009 година активно работи на овие проекти со цел да ги обедини малите производители од руралните подрачја во неформални групи на производители или Здруженија на производители, со цел да ги зачуваат традиционалните начини на производство и локалните видови, раси и сорти.

Денес, во Реублика Северна Македонија се активни пет президиуми:

1. Сирења од Мавровско – Реканскиот регион
2. Слаткото од диви смокви
3. Буковска пипер
4. Македонска медоносна пчела
5. Грозје Станушина

Во контекст на оваа анализа ќе се разгледаат президиумите Слаткото од диви смокви, Буковска пипер и Грозје Станушина.

5.1.1. Президиум „Слатко од смокви“



Регион на производство

Регионот на производство е ограничен во Југо-Источниот дел на Северна Македонија или попрецизно, на територијата на општините Дојран, Богданци, Валандово, Гевгелија.

Регионот на производство има медитеранска клима, мека и погодна за производство на градинарски и овошни култури. Плодовите се собираат од терени надвор од населени места а со тоа се добива еколошки чист производ.

Цели на Президиумот

Целта на Президиумот покрај заштитата на овој традиционален производ кој со векови наназад се произведува во овие региони е и неговата промоција на национално и интернационално ниво.

Како и за многу други производи со традиција, и за овој производ е голема важноста да се посвети внимание на производството, стандардизација и негова заштита.



Иако се работи за производ кој ги исполнува критериумите за да се нарече традиционален производ, сепак е неопходно знаењето и информираноста на производителите за неговата вредност и за тоа како би се добил високо квалитетен производ. Со промовирање на тој квалитет, ќе се добие препознатливост на овој производ и на домашните и на странските пазари, а еден од начините за таквата препознатливост е производот да добие заштитена ознака за квалитет.

Со изработка на студија за докажување на тој квалитет ќе се овозможи користење на алатките кои се на располагање за да се добијат најдобри резултати на терен. Заштитена ознака на потеклото (ЗОП) и заштитена географска ознака (ЗГО) се едни од најефикасните алатки кои се користат за оваа намена во земјите на Европската Унија.

За таа цел во рамки на овој президиум покрај изработениот Протокол е изработен и Прирачник за производство на слатко кој се базира на користење на традиционални техники на производство. Во изработката на прирачникот беа вклучени и експерти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, „ Технолошко металуршки факултет “ од Скопје.

Производители

Дел од овој Президиум се 32 производители на слатко од диви смокви од регионите на производната област Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци кои пак се дел од Здружението на граѓани „Еко Росалес“.

Волумен на производство

Годишно производство: 5.000-8.000 тегли

За домашна консумација: 20%

За продажба: 80%

Контакт лице

Слоу Фуд Президиум координатор

Антигона Костадинова

Телефон: +389 78276086

Електронска пошта: kostadinovaani@yahoo.com

5.1.2. Президиум „Буково“ – Пиперка и зачин



Регион на производство

Регионот на производство е ограничен на територијата на село Буково, поточно на земјоделските површини кои припаѓаат на атарот на село Буково.

Буково е ридско село, расположено на надморска височина од 720 метри. Се наоѓа во јужниот дел на Општина Битола, на 5 километри оддалеченост од градот, на источните огранки на Пелистер (Баба Планина).

Атарот на Буково зафаќа површина од 17,9 км², од кои обработливото земјиште 913 ха, пасиштата 591,8 ха и шумите 146,3 ха.

Селото е сместено меѓу две реки – Стара Река и Киндирка, кои го овозможувале развојот на земјоделието, особено во минатото.

Педолошките и климатските услови се карактеризираат со плодност погодна за производство на повеќе градинарски култури. Источната експозиција и големиот број сончеви денови во еколошки чиста средина претставуваат предност за локалната заедница.

Пиперката се одгледува на површини во приватна сопственост или под наем.

Цели на Президиумот

Една од целите на Президиумот „Буковска Пипер“ е промоција и маркетинг на производот. Промоцијата на буковската пипер ќе се врши преку продажба и промовирање на локалните пазари во Битола, преку саеми и промотивни настани на национално и интернационално ниво, како и на настан кој ќе се одржува еднаш годишно во село Буково. Изнаоѓањето и договарањето на пласманот на буковската пипер е исто така еден од приоритетите на Президиумот.

При претставување на локалните пазари неопходно е истакнување на промотивен материјал од здружението и неговите поддржувачи.

Во рамки на Президиумот е изработен Протокол во кој се опишани соодветните техники на одгледување на автохтоното семе на буковската пиперка и целокупниот процес на производство со користење на традиционални техники.

Со тоа производителите се согласија за следното:

- да ја користат исклучиво сортата буковска пиперка при производството на „буковска пипер“;
- да користат арско или друго органско ѓубриво;
- да не користат хемиски средства во борбата против плевели;
- да се грижат крајниот производ да биде со висок квалитет;
- доколку суровината или крајниот производ е со лош квалитет и со своите карактеристики отстапува од заеднички дефинираните својства, истиот да не се става во промет како дел од Президиумот ;
- дека претставувањето на производот ќе го вршат по претходна согласност со останатите членови на Президиумот.

Производители

Дел од овој Президиум се 11 производители кои се воедно и членови на Здружението за заштита и промоција на буковската пипер „Президиум Буково“.

Лого на здружението

Волумен на производство

300 кг толчена буковска пипер од вкупно 11 производители

Од вкупно обработливото земјиште во с. Буково кое изнесува 913 хектари само 1 хектар се користи за одгледување на буковска пиперка.

Контакт лице

Слоу Фуд Президиум координатор

Елизабета Каровска

Телефон: +389 75 663 932

Електронска пошта: elizabetakarovska@gmail.com

5.1.3. Президиум „Станушина“ – Грозје и производи



Регион на производство

Домашна автохтона сорта Станушина припаѓа на еколошко географската група црноморски сорти, подгрупа *balkanica* од Тиквешкото виногорје каде што се одгледува од најстаро време.

Најмногу е распространета во Тиквешкиот регион. Пред филоксерата била основна сорта во Тиквешкото виногорје и го карактеризира типот на црвените, јаки и тешки вина.

Од досегашните мапирања и истражувања во Тиквешкиот регион Станушината е најзастапена во селата Бегниште, Дабниште, Ресава и Долни Дисан.

Цели на Президиумот

Работата на овој президиум е отпочната есента 2015 година со теренски истражувања, мапирање на насадите и производителите. Истовремено се одржани и координативни состаноци со производителите, неколку мали винарии и промотори на вино, при што се дефинираа целите на президиумот:

- Заштита на локалниот биодиверзитет на виновата лоза Станушина како природен ресурс за одржливо производство;
- Промоција на вина и други производи од производителите на автохтоната сорта Станушина и мали винарии од руралните и еколошките средини, поддршка за нивно економско, социјално и културно зајакнување;
- Промоција на традиционалните технички на производство на висококвалитетни занаетчиски производи;
- Давање на можност за поголем избор на консументите на пазарот со предлагање на алтернатива;

Одгледувачи на Станушина

Евидентирани се 31 одгледувач на грозјето Станушина и 3 мали винарии кои имаат интерес за производство на висококвалитетни производи од Станушина.

Волумен на производство

Сеуште не е детално утврдено, од аспект што производителите грозјето го продаваат на големите винарии и на приватни лица.

Произведените количини на вино, ж`та ракија и маџун се за домашна употреба во најголем број до случаите.

Лице за контакт

Сашко Андов, лидер на Слоу Фуд Тиквеш

Телефон: +389 71 375 795

Електронска пошта: sasko.andov@gmail.com

5.2. Поддршка на Слоу Фуд Президиуми

Во текот на воведувањето и менаџирањето на проектот президиум, Слоу Фуд Македонија, но и Слоу Фуд Фондацијата за биодиверзитет езбедуваат финансиска и техничка поддршка за реализација на поставените задачи:

1. Обезбедување на стручна и техничка поддршка од експерти од универзитети од Италија и Северна Македонија;
2. Организирање и состаноци со членовите на Президумите;
3. Формирање на критериуми за влез во Президиумите;
4. Пропишување на Производен Протокол;
5. Изработка и публикување на водичи за производство на Президиумите;
6. Градење на капацитети на членовите на здруженијата на Президиумите;
7. Работилници за обука на производителите за:
   - Технологија на производство, Добра Производна Пракса (ДПП)
   - Хигиена на производство, Добра Хигиенска Пракса (ДХП)
   - Маркетинг и продажба на производите
8. Инвестиција во набавка на амбалажа, опрема, инструменти, ингредиенти, средства за одржување на хигиена;
9. Застапување на производителите пред институциите со цел презентација и давање на предлози за решавањето на проблемите при производството и пласманот на производите;
10. Организирање на промоција на производителите и производите (објава на промотивни статии, фотосесии, печатени промотивни материјали, вклучување во каталози);
11. Учество на национални и меѓународни манифестации и саеми на производители и активисти од президиумите, заедно со нивните производи (комплетна организација на учеството од страна на Слоу Фуд);
12. Доделување на право за употреба на брендот „Слоу Фуд Президиум.

ПРИМЕНА НА БРЕНДОТ „СЛОУ ФУД ПРЕЗИДИУМ“

Presídio Slow Food®

Слоу Фуд со цел да направи јасна разлика на Президиумите од останатите производи и да ги заштити потрошувачите и производителите од самиот проект, одлучи да прифати предлог кој дојде од самите производители, да се создаде и да се додели бренд за употреба на етикетите на производите.

Брендот помогна за поголема јасност, како и поголема посветеност од страна напроизводителите (тоа служи како гаранција за почитување за протоколот на производство), и нивно поактивно вклучување во здружението и промовирање на филозофијата на Слоу Фуд.

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Основното испитување на структурата на фармите (земјоделските стопанства) се врши од страна на секоја земја-членка на ЕУ, со користење заедничка методологија и во редовни интервали, обезбедувајќи споредливи и репрезентативни статистики посебно за секоја од земјите, како и на пошироко регионално ниво. Правна основа за тоа до 31.12.2018 година беше Регулативата (ЕУ) бр. 1166/2008, а во нејзина замена е донесена Регулативата (ЕУ) 2018/1091 на Европскиот парламент и на Советот од 18 јули 2018 година за интегрирана статистика на фармите. Најшироко прифатена типологија на фармите е категоризација од економски аспект, врз основа на вкупната просечна вредност на добиеното производство т.н **стандарден аутпут.** Ваквата вредност на добиеното производство не ги зема предвид влезните трошоци и затоа не претставува показател за профитабилноста на фармите.
2. Разликите што се забележуваат меѓу земјите-членки во однос на просечната големина на нивните фарми, во голема мера се поврзани со моделите на сопственост, бидејќи оние земји со голем број на мали фарми се карактеризираат со фарми кои делумно произведуваат за сопствени потреби или се семејни стопанства, додека поголемите фарми се со поголема веројатност да бидат во заедничка сопственост со други, како дел од акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност, или задруги.
3. На европско ниво, според економската големина многу малите (< 2000 евра) и малите фарми (2-8000 евра), сочинуваат повеќе од две третини (69,1%) од сите фарми (во ЕУ-28), додека според физичката големина, 4,9 милиони од физички многу малите (<2 хектари искористена земјоделска површина) и 4,5 милиони од физички малите фарми (2 - 20 хектари) заедно учествуваа со скоро 9 од 10 фарми во ЕУ (86,3%) и со повеќе од две третини од работната сила која директно работи на фарми (односно 68,1%).
4. Во помалите земји евидентираните „мали семејни бизниси“ се со тројца вработени, генерираат помалку од 100.000 евра годишно и се концентрирани на локалниот пазар. Во таква ситуација, немаат развојни планови, немаат доволен капацитет за поголема економија, ниту пак имаат можност да го диверзифицираат производството, запоставувајќи го воведувањето нови линии или производи. Дополнително, постојат и такви „мали семејни бизниси“ кои дејствуваат во секторот производство и преработка на храна, но формално не постојат. Тоа се малите семејни фарми

кои првенствено произведуваат храна за сопствените потреби, традиционално или под одредени околности поголеми количини за продажба, но во ниеден случај не ја гледаат својата активност како бизнис. Кога на тоа ќе се додаде доминацијата на индустриското производство на храна, кое до пред две децении на овие простори се сметаше како единствен легитимен начин за производство на храна, станува јасно зошто е тоа така, но се добива и јаз кој тешко може да се пополни. Оттаму, речиси да нема податоци, истражувања и анализи посветени на малите производства на храна за преработка на производи, особено во нашата земја, Србија и делумно Хрватска. За овие земји, формулацијата мали производства се среќава во контекст на малите фарми и производството на примарни производи.

5. Ставовите и разбирањето на решенијата за флексибилноста, Европската Комисија ги дава во сопствениот работен документ[22] структуриран како водич за бизнис операторите со храна, како еден од обидите за приближување на можностите за флексибилност и нејзино искористување до малите земјоделски стопанства. Друг начин за разбирање и примена на флексибилноста е преку назначување на привремени групи од избрани експерти кои се фокусираат на одредена тема, споделуваат знаења и искуства - фокус групи (EIP-AGRI)[23], во конкретниот случај за кратките синџири на храна.

6. Според Европската регулатива за рурален развој (1305/2013), поимот „краток синџир за снабдување“ (КСХ) означува синџир за снабдување со храна кој вклучува ограничен број на економски оператори, посветен на заедничко работење (кооперативност) и локален економски развој, во кој постојат блиски географски и социјални врски помеѓу производителите, преработувачите и потрошувачите. Битно е да се истакне дека регулативата ја препознава важноста на социјалните врски помеѓу луѓето вклучени во синџирот со храна. Иако КСХ често се дел од локалните системи за храна (во кои храната се произведува, се тргува и се јаде во рамките на одредена географска област, почитувајќи ја сезоната и создавајќи територијална додадена вредност), тие не се ограничени на локално ниво за размена. Концептот на КСХ е динамичен и еволуира во зависност од вклучувањето на различни општествени актери.

7. Во некои земји, националните регулативи или пак тие на ЕУ во комбинација со или без даночните системи се појавуваат како пречки за развој на заедничките КСХ. Тоа е потврдено и во извештајот на фокус групата како најголем проблем во однос на растењето на КСХ. Имено, хигиенските барања се идентификувани како најважна точка за решавање бидејќи тие претставуваат значителен предизвик за малите и традиционалните системи за производство на храна и тоа има влијание врз соработка со КСХ. Иако сите европски земји ги имаат истите регулативи, сепак дел од нив не ги применуваат критериумите за флексибилност. Студија објавена од DG Sanco (2010) на ЕК направи тестирања за тоа како се применува флексибилноста во Чешка, Австрија, Финска, Шпанија, Обединетото Кралство и Германија во однос на малите претпријатија за преработка на месо и млеко. Резултатот покажа дека ОК, Австрија и Германија имаат искористено многу од предвидените чекори за флексибилност, додека други земји членки имаат искористено многу малку.

8. Одредбите за флексибилност содржани во регулативите за хигиена нудат можности за:

   - да се доделат:

   (а) **отстапувања/ослободувања** од одредени барања утврдени во анексите на регулативите за хигиена;

   (б) **прилагодувања** на одредени барања утврдени во анексите на регулативите за хигиена;

   - **да се исклучат** некои активности од рамката на регулативите за хигиена.

22 **COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT on the Understanding of certain provisions on flexibility provided in the Hygiene Package, Frequently Asked Questions, Guidelines for food business operators,** Brussels, 12.8.2010 (SEC(2010) 985 final), p.10-11 https://ec.europa.eu/food/sites/food/files/safety/docs/biosafety-hygiene-faq_all_business_en.pdf

23 EIP-AGRI Focus Group, “Innovative Short Food Supply Chain management” – Final report, Nov 2015 https://ec.europa.eu/eip/agriculture/sites/agri-eip/files/eip-agri_fg_innovative_food_supply_chain_management_final_report_2015_en.pdf

Во ЕУ покрај генералниот Закон за храна (Food Law) преточен во Регулатива (ЕК) 178/2002 (REGULATION (EC) No 178/2002) постојат регулативи кои **се однесуваат исклучиво на дефинирањето на**: категориите на производите кои се предмет на уредување, стандардните карактеристики кои треба да ги исполнат групите на производи, посебните барања за означување и пакување, производните спецификации, како и условите за воспоставување на заеднички пазар. Секој еден производител, односно бизнис со храна без разлика на обемот на производство мора да ги следи и применува горенаведените барања доколку сака на пазарот да пласира производ кој ќе биде именуван како пр.: „овошен сок“, „бренди“, „маслиново масло“, „мармалад“ итн.

Додека пак во однос на безбедноста постои Регулатива (ЕК) 852/2004 донесена на 29 април 2004 година се однесува на генералните барања за хигиена на храната која е наменета за човечка консумација. Таа дава широки можности за нејзино толкување и примена на флексибилност што јасно се гледаат во **Глава 5** – Завршни одредби, **член 13** – измени и надополнувања на **Анекс I** (Примарно производство) и **Анекс II** (Општи хигиенски барања кои треба да ги исполнат сите оператори со храна), со исклучок на примената на Анекс I, односно соодветно во **Став 2** каде стои дека: „Одредени отстапувања можат да бидат дозволени, со цел полесна имплементација на член 5 кој пак се однесува на анализа на опасностите и критични контролни точки (HACCP), особено од страна на малите бизниси со храна, притоа земајќи ги во предвид релевантните фактори на ризик со што не би се загрозиле општата цел на оваа регулатива а тоа е производство на безбеден производ“. Потоа во **Став 3:** „Секоја земја членка на ЕУ може да донесе и прилагоди свои национални мерки во согласност со ставовите од 4 до 7 (во член 13), а во однос на барањата од Анекс II“. И на крај во **Став 4:** каде вели дека (а) Националните мерки кои се однесуваат на став 3 имаат за цел: 1) да го овозможат користењето на традиционални методи во која и да било фаза од производството, преработката и дистрибуцијата на храна или 2) да се прилагодат одредени барања кон бизнисите со храна кои се наоѓаат во региони со посебни географски ограничувања, а „за сите други случаи националните мерки може да се однесуваат исклучиво на објектите за производство во однос на конструкцијата, дизајнот и опремата“ (точка б).

9. Кога зборуваме за националното законодавство од областите за безбедност на храна и квалитет на земјоделски производи, но пред се за Законот за безбедност на храна (Службен весник на РМ, бр. 123 од 22.07.2015 година) како основен правен акт од кој произлегуваат сите други акти, важно е да се нагласи дека во голема мера постои усогласување односно хармонизација со директивите и регулативите на Европската Унија. Поконкретно, членовите 42, 44, 114, 115 и 116 од законот за безбедност на храна овозможуваат да се направат одредени прилагодувања кај малите бизниси со храна вклучително и производите од растително потекло. Флексибилноста која произлегува од овие членови е видлива во последниот став од секој член во кој се посочува дека Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува отстапувањата.